Приватна високообразовна установа
самостојна висока стручна школа
БРЕИНСТЕР НЕКСТ
Бр. 08-822/2
14.11 2025 год.
СКОПЈЕ

# ИЗВЕШТАЈ ОД САМОЕВАЛУАЦИЈА

| Податоци за високообразовната установа | |
|---|---|
| **Назив** | **Приватна високообразовна установа Самостојна висока стручна школа Бреинстер Некст Скопје** |
| **Седиште** | **Ул. Васил Ѓоргов бр.19 Скопје** |
| **Контакт информации** | **contact@next.edu.mk** |
| **Овластено лице на установата (име и презиме, службени контакт информации)** | **М-р Анја Марија Макеска , Директор anja@next.edu.mk** |
| **Координатор за надворешна евалуација на установата (име и презиме, службени контакт информации)** | Не е направена надворешна евалуација и не е поставен координатор за надворешна координација на установата. По првиот извештај за самоевалуација и најава за надворешна евалуација, установата ќе именува координатор на процесот. |
| **Основ за надворешната евалуација** | • Годишен план<br>• Барање на високообразовната установа<br>• Барање на Националниот Совет за високо образование и научно-истражувачка дејност<br>• Барање на министерот надлежен за високото образование |
| **Период за кој се однесува извештајот** | **Академска 2022/2023 година**<br>**Академска 2023/2024 година**<br>**Академска 2024/2025 година** |
| **Одлука за формирање на стручната комисија (број на одлука и датум)** | Не е направена првата надворешна самоевалуација. |
| **Дали беше поднесен приговор на составот на стручната комисија за надворешна евалуација?** | Не е направена надворешна самоевалуација. |

Место, датум МП овластено лице на установата
(потпис)

## Упатство за пополнување

Сите делови од Извештајот треба да бидат пополнети точно и во овој образец. Установата ги пополнува содржините означени во бела боја во долунаведените табели. За точноста на информациите одговорност сноси одговорното лице на установата.
Извештајот се доставува **на англиски јазик.** Установата може да поднесе и дополнителна верзија на македонски јазик и на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Северна Македонија.

За пополнување на пријавата се користи фонт Arial Narrow, големина 10, без закосување (italic) или подвлекување (underline), со единичен (single) проред.
Објаснувањето за исполнетоста на индикаторите за стандардите за квалитет **не треба да биде подолго од една страница** по индикатор во овој образец.
За сите индикатори се прикажуваат информации, акти и други релевантни информации за последните **пет години.** Во стандардите 2, 3, 5 и 6 се оценува исполнетоста на индикаторите **за секоја студиска програма** акредитирана на високообразовната установа.

Извештајот и документацијата се доставуваат во електронска форма и во печатена форма во 2 примероци. **За доставувањето во електронска форма, корисно е сите пропратни документи да бидат зачувани во еден фолдер и поврзани со линкови со овој образец. Прилозите односно документацијата за секој индикатор во овој извештај се поврзуваат со линк до конкретниот документ (Word, PDF и сл.). Фолдерот со документите и овој извештај се доставува до Одборот за евалуација.** *Пример за објаснување на исполнетост на индикатор и линкови до прилози е наведен на крајот на овој образец (Пример 2).*

Именувањето на документите се врши на следниов начин: Прилог_број на индикатор_објаснување на документот (на пример, Прилог 1.2. Прашалник од спроведени евалуации).

Доколку за еден индикатор се прикачуваат повеќе документи, се применува истото правило со додавање на буква по абецеден редослед за секој дополнителен документ (на пример, Прилог. 1.2.А. Прашалник од спроведени евалуации). Именувањето се користи и во имињата на документите во фолдерот и на прилозите/линковите наведени во овој документ.

При доставувањето на прилозите, установата истите ги зачувува во формат кој овозможува **едноставно користење на опциите за пребарување**. По исклучок, во прилозите може да се доставуваат и скенирани документи само доколку истото е неопходно.

По потреба, покрај доставената документација, исполнетоста на наведените индикатори се проверува за време на посетата на високообразовната установа.
Изјавата за точност и вистинитост на податоците прикажани во Извештајот од самоевалуација се заверува на нотар (пример 1).

## ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ

| ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ (ги пополнува високообразовната установа) | |
|---|---|
| Назив на високообразовната установа | Приватна високообразовна установа Самостојна висока стручна школа Бреинстер Некст Скопје |
| Седиште | Ул. Васил Ѓоргов бр. 19 |
| Веб страница | www.next.edu.mk |
| Мисија и визија на установата | Нашата мисија има за цел да им овозможи на младите преку апликативна и практична програма, во чекор со трендовите на индустријата и современата методологија на работа да се подготват за сите предизвици во нивните идни кариери. Визијата на Бреинстер Некст е да обезбеди образование кое ќе -одговара секогаш на предизвиците кои ги носи иднината. |
| Вид на високообразовна установа (јавна, приватно-јавна непрофитна установа и приватна непрофитна установа) | Приватна високообразовна непрофитна установа |
| Податоци за последната акредитација на установата и студиските програми на прв, втор и трет циклус на студии | Акредитација на установата:<br>1. Решение за акредитација на високата стручна школа Бреинстер Некст Скопје<br>2. Решение за почеток со работа на висока стручна школа Бреинстер Некст Скопје<br><br>Студиски програми на прв циклус на студии<br>• Акредитација на студиска програма - Софтверско инженерство и иновации - 180 ЕКТС - 3 години<br>• Решение за почеток со работа - Софтверско инженерство и иновации - 180 ЕКТС - 3 години<br>• Акредитација на студиска програма - Примена на информациски технологии - Дигитален дизајн и интерактивни технологии - 180 ЕКТС - 3 години<br>• Решение за почеток со работа - Примена на информациски технологии - Дигитален дизајн и интерактивни технологии - 180 ЕКТС - 3 години |
| Број на вработени лица избрани во наставнонаучни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања, кои вршат високообразовна дејност | Во СВСШ Бреинстер Некст Скопје високообразовна дејност вршат 14 вработени избрани во наставни звања предавачи. |
| Број на студенти во последната учебна година, по циклус на студии | На прв циклус стручни студии во 2024/2025 година се запишани вкупно 173 студенти |
| Објаснете го накратко развојот на вашата установа (не подолго од 1 страница) | Самостојната висока стручна школа „Бреинстер Некст“ – Скопје е основана во согласност со членовите 67–74 од Законот за високо образование („Службен весник на РМ“ бр. 82/2018). Основач е правното лице Бреинстер ЦБЦ Колектив Доо“, кое на 07.07.2021 година донесува Одлука за основање бр. 2279-0101/2021 и подготвува проект за основање на приватна самостојна високообразовна установа. По спроведување на |

| | |
|---|---|
| | законската постапка и добиено одобрение од Владата за основање на високо-образовна установа, Одборот за акредитација на 28.09.2021 година донесува решение за акредитација на проектот за основање на приватна самостојна високообразовна установа бр. 08-431/6 од 28.09.2021. По добивање на решението за акредитација на институцијата, и донесување на основачкиот акт, согласно текстот приложен кон проектот за основање на високообразовната установа, на 11/02/2022 година именувана е матична комисија за основање на приватна високообразовна установа од страна на министерот за образование и наука, која ги врши сите подготвителни работи со кои се создаваат услови за почеток со работа на „Бреинстер Некст“ – Скопје. По спроведување на увид за исполнетост на условите од страна на МОН, на 15.07.2022 е издадено Решение за почеток со работа бр. 14-6065/4, запишување на Бреинстер Некст Скопје во регистарот на високообразовни установи, конституирање и избор на органите на управување и регистрација на институцијата во Централниот регистар. Во изминатиот период акредитирани се две студиски програми:<br>1. Софтверско инженерство и иновации – прва академска година 2022/2023.<br>2. Примена на информациски технологии – Дигитален дизајн и интерактивни технологии – прва академска година 2023/2024.<br><br>Денес, „Бреинстер Некст“ – Скопје се развива како современа висока стручна школа со акредитирани и пазарно релевантни програми, усогласени со современите образовни и технолошки трендови, обезбедувајќи квалитетно високо образование во согласност со законските стандарди. |
| Кои се вашите клучни институционални капацитети? (не подолго од 1 страница) | Бреинстер Некст е првата високообразовна институција во Северна Македонија што воведе дуално образование на ниво на високо образование, со јасен фокус на ИТ, дигиталните вештини и практичната применливост на знаењето. Институцијата комбинира академска извонредност, силна индустриска поврзаност и иновативни финансиски модели кои обезбедуваат пристапно, инклузивно и современо образование.<br>1. Практично-ориентиран модел на студии<br>Во срцевината на институционалниот капацитет е интеграцијата на академското и практичното образование, при што:<br>- Околу 80% од предметите се реализираат со ко-предавање од индустриски експерти.<br>- Во првите три години од постоењето, Бреинстер Некст соработуваше со повеќе од 30 стручњаци од праксата, кои се активен дел од наставата.<br>- Студентите во текот на секоја студиска година во рамки на еден студиски предмет работат на реални проекти во соработка со компании, при што се реализирани 6 проекти по студиска програма.<br>2. Соработка со индустријата и можности за вработување<br>Институцијата има воспоставен систем за студентска пракса и трансфер на знаење од компании:<br>- Студентите имаат добиено пристап до организирани практики во повеќе од 30 домашни и меѓународни компании. |

| | |
|---|---|
| | - Силната поврзаност со индустријата овозможува брза транзиција на студентите кон пазарот на трудот, и висока стапка на вработување по дипломирањето.<br>3. Финансиски капацитети и инклузивен пристап<br>Бреинстер Некст е единствена институција во регионот што нуди иновативен модел на финансирање „студирај сега, плаќај по дипломирање и вработување" кој овозможува студирање без надоместок до завршување на студиите.<br>- Во академската 2024/2025 година, 85 од 173 активни студенти студираат по овој модел.<br>- Бреинстер Некст самофинансира школарини во вредност од над 276.000 евра годишно, вложувајќи сопствени средства за да го гарантира пристапот до квалитетно образование без бариери.<br>4. Академска и организациска структура<br>Институцијата обезбедува современи услови и простории, дигитална платформа за настава и Student Success Team (студентски координатори) кој индивидуално го следи напредокот на студентите. Програмите се креирани според пазарните потреби, современите трендови и се акредитирани според стандардите на Агенцијата за обезбедување на квалитет и Болоњскиот процес. Со ваквиот модел, Бреинстер Некст обезбедува квалитетно, иновативно и индустриски релевантно образование, придонесувајќи за трансформација на високото образование во современото општество. |
| Во кои области/прашања/стандарди/индикатори вашата установа постигна најголем напредок во последните пет години? (не подолго од 1 страница) | Во последните три години, Бреинстер Некст драстично ја зајакна својата позиција како иновативна, практична и индустриски ориентирана високообразовна институција. Овие достигнувања го отсликуваат фокусот кон вработливост, методолошка иновација, акредитацијата и системска грижа за студентите, сите креирани според највисоките стандарди на глобалната ИТ-индустрија и националниот образовен систем.<br>1. Финансиски модел „Студирај сега, плати по вработување"<br>- Воведено во 2022 година, ова е единствен модел на Балканот, а и пошироко во Југоисточна Европа, кој им овозможува на студентите да студираат без школарина, а да плаќаат по дипломирање или вработување. Оваа иновација ги намалува финансиските бариери и им овозможува еднаков пристап на талентирани кандидати, кои немаат можност за плаќање.<br>- Во 2025-та година, моделот беше продолжен и консолидиран за уште една уписна година и веќе го користат 58% од запишаните студенти.<br>2. Развиток и проширување на студиските програми<br>- Во 2023 година беше акредитирана нова студиска програма на прв циклус стручни студии „Примена на информациски технологии – Дигитален дизајн и интерактивни технологии", која е единствена во нашата држава и има мултидисциплинарен ИТ аспект и вклучува (UI/UX, графички дизајн, фронтенд, 3Д, анимации), сите изучувани преку реални проекти и вклучување на индустријата.<br>3. Методологија заснована на реални проекти и хакатони<br>- Од самиот почеток, студиите се базираат на практична работа: |

| | |
|---|---|
| | студенти работат на реални проекти за компании од индустријата, учествуваат во хакатони и формираат портфолио уште пред дипломирање, што им овозможува компетитивна предност на пазарот на труд.<br>- Хакатоните се организираат со познати домашни и регионални партнери (на пр.SCIDev, Sparkasse bank, Сава Осигурување, Холандска амбасада, AirCare, Smidgin и др.), каде студентите создаваат функционални решенија во рок од 48 часа, кои наоѓаат своја реална примена.<br>4. Силна поврзаност со индустријата и вработување<br>- Brainster Next има формална и неформална партнерска мрежа со повеќе од 200 компании, кои учествуваат во креирање на студиските програми, учествуваат во јавните презентации на проектите, организираат пракса и вработување на студентите.<br>Одржувањето на оваа соработка со партнерската мрежа на компании и силната поддршка која ја добиваат студентите преку нивна вклученост во реални проекти, организирање на пракса, кариерен менторинг и подготовка за интервјуа е овозможена преку Центарот за кариера на институцијата.<br>6. Методолошки развој: Настава со студентски фокус<br>- Наставата е структурирана по принцип на „Student centered learning" учење со фокус на студентот, што подразбира активна вклученост на студентите преку самостојни проекти, тимска работа и менторска поддршка во динамична средина со континуирано следење на индивидуалниот напредок од страна на Student Success тим (студентските координатори). |
| и<br>Кои се вашите најголеми предизвици и недостатоци? (не подолго од 1 страница) | Во текот на изминатиот период, Самостојната висока стручна школа „Бреинстер Некст" – Скопје се соочува со неколку значајни предизвици кои произлегуваат од актуелната етапа на институционален развој.<br><br>1. Инфраструктурна дисперзија – бидејќи наставата се реализира на три до четири различни физички локации во Скопје. Покрај тоа што просторните услови ги исполнуваат сите потребни стандарди за изведување настава, дисперзираноста создава организациски и логистички потешкотии за студентите и наставниот кадар. Во изминатите две години раководниот тим активно работи на обезбедување централен, модерен и функционален простор кој ќе ги обедини сите локации и активности.<br><br>2. Променлива побарувачка на пазарот на труд - Како институција чиј модел се темели на висока вработливост на дипломираните студенти, промените на глобалниот ИТ и дизајнерски пазар – вклучувајќи ја намалената побарувачка за кадар – имаат директно влијание врз процесот на вработување. Преку проактивна комуникација со партнерската мрежа, прилагодување на наставните програми и развој на практични проекти, институцијата работи на одржување на високите стандарди во доменот на вработливоста. |

| | |
|---|---|
| | 3. Одложена интернационализација - Покрај добивањето на Еразмус+ чартер, активирањето на меѓународните програми и мобилност се одвива со задоцнување. Ова влијае на динамиката на меѓународната соработка, но институцијата останува фокусирана на развој на меѓународната компонента преку билатерални договори и индивидуални иницијативи со европски образовни партнери.<br><br>Иако овие предизвици претставуваат тековни предизвици, „Бреинстер Некст" ги препознава како можности за унапредување на своето работење преку развој на стратегии за нивно надминување во идниот период, со јасен фокус на интегрирана инфраструктура, зголемена конкурентност на дипломците и засилена меѓународна соработка. |

## 2. СТАНДАРДИ И ИНДИКАТОРИ ЗА КВАЛИТЕТ

### Стандард 1

| СТАНДАРД 1: ИНСТИТУЦИОНАЛНИ ПОЛИТИКИ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ КВАЛИТЕТ | |
|---|---|
| **ИНДИКАТОР** | **ДОКУМЕНТАЦИЈА** |
| 1.1. Установата има политика за обезбедување на квалитет која е објавена и јавно достапна. | Акт на установата или друг акт во кој е регулирана политиката на квалитет; Линк до објава на веб страна. |

СВСШ Бреинстер Некст – Скопје е високообразовна установа која е целосно посветена на остварување на својата мисија – трансформација и унапредување на високото образование, со фокус на подготовка на студенти кои се подготвени да одговорат на предизвиците на иднината. Преку иновативни, апликативни и практично ориентирани програми, развиени во согласност со најновите трендови од индустријата и современите методологии на настава, Бреинстер Некст ги подготвува своите студенти за реалниот пазар на труд и динамичното работно опкружување. Во насока на обезбедување континуитет во квалитетот и исполнување на своите стратешки цели, институцијата има воспоставено систем за внатрешно обезбедување на квалитет, кој се темели на јасно дефинирани постапки и стандарди. Овој систем е во согласност со Правилникот за стандардите и постапката за надворешна евалуација и самоевалуација (Службен весник на РСМ бр. 153/2022) (Прилог 1.1 А), како и со Упатството за самоевалуација на Бреинстер Некст (Прилог 1.1 Б). Преку овој систем, редовно се врши проверка и евалуација на квалитетот во сите сегменти на институционалното работење: академските и административните активности, истражувачката дејност, управувањето, финансиското работење, меѓународната соработка, како и генералното функционирање на установата. Сето ова е насочено кон обезбедување релевантно, инклузивно и современо високо образование, усогласено со националните и европските стандарди за квалитет. Наставничкиот Совет на својата 40-та седница одржана на 28.01.2025 година донесе Одлука за формирање на Комисија за самоевалуација (Прилог 1.1 В), која треба да го спроведе процесот за самоевалауцијата и да го изработи прввиот Извештај за самоевалуација за Бреинстер Некст. Упатството за самоевалуација на Бреинстер Некст, одлуката за формирање на комисија за самоевалуација и резултатите за самоевалуација се објавени на веб страната на Бреинстер Некст (Прилог 1.1 Г).

**Прилози**

| | |
|---|---|
| Прилог 1.1 А Правилник за стандардите и постапката за надворешна евалуација и самоевалуација (Сл. Весник на РСМ бр.153/2022) (линк од веб страна)<br>Прилог 1.1 Б Упатство за самоевалуација на Бреинстер Некст Скопје (линк од веб страна)<br>Прилог 1.1 В Одлука за формирање на комисија за самоевалуација (линк од веб страна)<br>Прилог 1.1 Г Извештај од самоевалуација (2022-2025) (линк од веб страна) | |
| 1.2. Установата има ефикасен и логичен систем за обезбедување на квалитет на образованието. Таа користи различни алатки за оценка и унапредување на квалитетот на образованието и редовно спроведува евалуација која ги опфаќа предметите, наставниот кадар, работата на помошните/студентски служби и општото ниво на задоволство во текот на студиите. Активностите се спроведуваат врз база на утврден календар на активности. | Информација за алатките кои се користат за оцена и унапредување на квалитетот на високото образование (период на оцена, пристап итн.); Прашалник од сите спроведени самоевалуации или друга алатка која се користи за самоевалуација;<br>Годишен календар на активности поврзани со обезбедувањето на квалитет. |

Системот за евалуација на квалитетот на образовниот процес во Бреинстер Некст Скопје се реализира преку три комплементарни нивоа:

1. Евалуација на наставата од страна на студентите - Првата и основна форма на евалуација е онаа спроведена од студентите. Преку овој механизам се обезбедуваат важни повратни информации за квалитетот на наставата, содржината и поддршката што студентите ја добиваат. Секој студент пополнува анонимен анкетен прашалник преку електронската студентска платформа IAMNEXT, кој ги опфаќа следните аспекти: квалитетот на наставата и подготовката на професорите, достапноста на наставниот кадар и материјалите, соодветноста на наставните содржини. Анкетирањето се реализира двапати во секој блок во рамки на семестарот, согласно Годишниот календар на активности (Прилог 1.2 А и 1.2 Б). Целокупното искуство во рамки на студиската година кај студентите се мери со NPS анкета која се спроведува по завршување на академската година (Прилог 1.2 В). Покрај наставата, редовно се евалуираат практичната настава и реалните проекти, како суштински дел од програмите, преку анкетни прашалници, кои се анонимни и достапни преку платформата IAMNEXT (Прилог 1.2 Г). Во текот на реализирање на студентската пракса студентите одговараат на два анкетни прашалници, за време на реализацијата на праксата, и по завршување на студентската пракса.

2. Екстерна евалуација од индустријата - Второ ниво преку кое се оценува квалитетот се повратните информации добиени од компании, индустриски партнери и стручњаци од практиката, кои активно учествуваат во наставниот процес на Бреинстер Некст. Преку нив се обезбедува увид за прогресот на студентите, релевантноста на наставната програма и примената на стекнатото знаење и вештини.. Овие евалуации од страна на индустријата не се спроведуваат преку стандардизирани прашалници или формализирани анкетни листови, туку претставуваат континуиран и динамичен процес на размена на информации. Повратните информации се добиваат преку редовни средби, индивидуални консултации (еден-на еден состаноци), разговори по завршени студентски проекти, како и директна комуникација за време на реализација на практичната настава. Овие информации се систематизираат и пренесуваат до релевантните формални тела во рамките на институцијата, како што се Наставничкиот совет и Оперативните колегиуми, каде се разгледуваат, анализираат и по потреба се носат соодветни одлуки или иницијативи за прилагодување на наставниот процес, со цел постојано подобрување на студиските програми и усогласување со потребите на индустријата.

3. Евалуација на кариерниот развој на студентите и алумни следење - Третото ниво на евалуација е фокусирано на кариерниот пат на студентите по завршувањето на студиите. Центарот за кариера на Бреинстер Некст редовно ќе спроведува следење на алумни заедницата и ќе собира податоци од работодавачи и индустриски партнери кои вработуваат

студенти. Во моментов редовно се следи прогресот на студентите кои реализираат пракса кај индустриските партнери на институцијата, Овие информации се од суштинско значење за проценка на квалитетот на студиските програми и подготвеноста на студентите за пазарот на труд. Континуираната комуникација со индустриските партнери овозможува подобрување и адаптација на програмите, како и одржување на висок степен на релевантност и конкурентност на студентите. Компаниите во кои студентите посетуваат студентска пракса се исто така предмет на евалуација. Кариерниот центар на Бреинстер Некст прави евалуација на перформансот на студентите од страна на компанијата, нивните технички и меки вештини, примена на фидбек и целокупното искуство. Овој тип на евалуација се спроведува два пати во текот на студентската пракса на студентот, на средина од реализацијата на праксата и по завршување на праксата. (Прилог 1.2 Д)
Комисијата за самоевалуација во зависност од потребата може да одржува работни седници, согласно индикативната динамика во календарот на активности. На овие седници се разгледуваат, анализираат и синтетизираат резултатите добиени од сите спроведени алатки и механизми за обезбедување на квалитет. Обработените податоци се презентираат во форма на интерни извештаи, кои претставуваат основа за систематско идентификување на потенцијални слабости, како и истакнување на добри практики. Врз основа на овие анализи, Комисијата предлага конкретни и остварливи мерки за унапредување на наставниот процес, поддршката за студентите, административните и стручните служби. Овие извештаи претставуваат клучен инструмент за информирано донесување одлуки во рамки на системот за внатрешно обезбедување на квалитет и се користат како алатка за континуирано институционално подобрување.
Во рамки на процесот на самоевалуација, планирано е во иднина редовно да се вклучува и перформансот на административниот кадар, преку структурирани анкети кои ќе ги пополнуваат студентите. Целта на оваа активност е да се приберат согледувањата, проценките и предлозите на студентите во однос на квалитетот на предавањата, пристапот на наставниците, административната поддршка и другите релевантни аспекти од нивното искуство со административниот кадар. Овие податоци ќе обезбедат појасна и пообјективна слика за вкупниот квалитет на работата на кадарот, ќе овозможат унапредување на интерните процеси и ќе претставуваат важна основа за носење информирани и насочени одлуки за подобрување на академското и административното работење.

**Прилози**
Прилог 1.2 А Годишен календар на активности
Прилог 1.2 Б Пример од редовна студентска анкета
Прилог 1.2 В Пример од NPS анкета
Прилог 1.2 Г Пример од редовна анкета за пракса и реални проекти
Прилог 1.2 Д Пример од анкетни прашања за студентска пракса до компании

| | |
|---|---|
| 1.3. Управата на установата е посветена на развојот и унапредување на квалитетот на образованието. Постои култура на координација и соработка помеѓу засегнатите страни во процесот. Установата поттикнува и обезбедува вклученост на студентите, работодавците и други релевантни институции/организации во процесот. | Конкретни примери и резултати, најдобри практики; Релевантни извештаи или препораки; Примери на вклучување на студентите, работодавците и други релевантни институции/организации во процесот на обезбедување на квалитет. |

СВСШ Бреинстер Некст демонстрира висока посветеност кон развојот и унапредувањето на квалитетот на образованието преку активно вклучување на сите релевантни чинители: студентите, наставниот кадар, индустриските партнери и институциите со кои соработува. Оваа инклузивна и партиципативна практика претставува суштински дел од воспоставената култура на координација, доверба и соработка на институционално ниво.

1. Активно учество на студентите во процесите на обезбедување квалитет - Студентите се препознаени како клучни чинители во академската заедница и се вклучени во повеќе аспекти на обезбедување и унапредување на квалитетот на образовниот процес, како на индивидуално, така и на институционално ниво.

1.1. Индивидуална и колективна комуникација

Преку редовни индивидуални еден на еден средби со студентските координатори, кои се одржуваат најмалку еднаш годишно, студентите имаат можност да дискутираат за својот академски напредок, предизвиците, задоволството од програмата и да предложат идеи за подобрување. Изнесените мислења се документираат и систематизираат, по што се разгледуваат од надлежните служби. Покрај тоа, студентите се вклучени и преку колективни форми на дијалог. Во академската 2023/2024 година, Студентското собрание организираше работна група на тема „Задоволство и очекувања од студиите“, во која учествуваа избрани студентски претставници и студентски координатори. На средбата беа презентирани и анализирани конкретни искуства и предлози, особено во делот на инфраструктурата, кои резултираа во спроведување на на повеќе предлог-мерки од страна на стручната служба. (Прилог 1.3 А)

1.2. Вклученост на студентите во телата и комисиите на институцијата

Покрај индивидуалното и колективното учество, студентите имаат формализирана улога и во работата на институционалните органи и комисии, со што директно придонесуваат кон планирањето, одлучувањето и следењето на квалитетот. Тие се вклучени во:

- Наставничкиот совет (НС) – каде учествуваат како избрани претставници со право на изнесување ставови и мислења по прашања од академски карактер. ( Прилог 1.3 Б)
- Студентското собрание – автономно тело што ги претставува интересите на студентите, иницира активности и соработува со раководството во процесите на донесување одлуки. (Прилог 1.3 В)
- Комисијата за самоевалуација – каде студентите преку свој претставник активно придонесуваат со свои предлози и сугестии во однос на квалитетотот, учествуваат во анализа на анкетни резултати и изработка на извештаи. (Прилог 1.3 Г)
- Дисциплинската комисија – во која студентските претставници придонесуваат за фер и транспарентно спроведување на постапките, во согласност со правилата и етичките принципи на установата. (Прилог 1.3 Д)

Вклученоста на студентите во овие тела обезбедува реален механизам за нивно влијание врз политиките, процедурите и континуираното унапредување на академската средина. Овој пристап ја зајакнува културата на учество, транспарентност и заемна одговорност.

2. Вклученост на наставниот кадар и надворешни партнери

Наставниот кадар активно е вклучен преку седниците на Наставничкиот совет, каде се анализираат прашања поврзани со наставата, методологијата, квалитетот на студиските програми и резултатите од евалуациите. Одлуките донесени на НС се од суштинско значење за стратешкиот и академскиот развој на институцијата. Дополнително, Бреинстер Некст одржува редовна соработка со индустриски партнери и други институции. Посебен пример е реализацијата на предметот *„Предмет од индустрија“*, чиј силабус (Прилог 1.3 Ѓ) е дизајниран во соработка со компанија, базиран на технологии и процеси што се користат во нејзината работа. Предметот се реализира преку ко-предавање, од страна на наставник на Бреинстер Некст и стручњак од компанијата. На овој начин, институцијата добива фидбек не само за техничките и професионални компетенции на студентите, туку и за релевантноста и актуелноста на студиските програми. Организираните хакатони и натпревари двапати годишно се уште еден механизам за добивање вредни повратни информации од индустријата. Овој модел на континуирана и формална вклученост на студентите, наставниците и надворешните чинители претставува основа за градење на стабилна култура на квалитет, доверба и партнерство. Студентите имаат улога на активни соработници во креирањето и унапредувањето на академската заедница, а нивното учество во органите и комисиите претставува клучен елемент за одржливо и релевантно високо образование.

3. Координација и соработка со надлежните институции
Бреинстер Некст активно соработува со државните институции надлежни за регулација и надзор во високото образование и оваа соработка е важна алка во системот за обезбедување на квалитет. Таа е израз на институционалната зрелост, транспарентност и усогласеност со националните и европските стандарди. Во комбинација со внатрешните механизми на учество, ова овозможува воспоставување на стабилна култура на квалитет и партнерство со сите засегнати страни во образовниот процес.

3.1. Државен просветен инспекторат (ДПИ)
Институцијата одржува редовна комуникација и координација со Државниот просветен инспекторат, особено во делот на административната усогласеност, надзорот над спроведување на студиските програми и процедурите за затворање на матичните книги по завршување на академската година. Соработката со ДПИ е клучна за навремено и точно евидентирање на академските податоци и за следење на усогласеноста со националните регулативи.

3.2. Министерство за образование и наука (МОН)
Бреинстер Некст е во постојана комуникација со Министерството за образование и наука, како клучна институција за лиценцирање и надзор на високообразовните установи при што Бреинстер Некст има склучено меморандум за соработка со МОН за поддршка на процесите на дигитализација на Министерството. Во соработка со МОН, институцијата учествува во процеси поврзани со иницијативи за развој на образовните политики, доставување на податоци за тековното работење, имплементација на нови регулативи, како и во однос на добивање согласности за студиски програми и измена на акти.

3.3. Агенција за квалитет во високото образование (АКВО)
Бреинстер Некст остварува системска соработка со Агенцијата за обезбедување на квалитет во високото образование, особено во процесите на: акредитација на нови студиски програми, реакредитација на постојни програми, вклучување во надворешна евалуација, усогласување со стандардите за квалитет според ESG (European Standards and Guidelines). Институцијата подготвува комплетна документација согласно барањата на АКВО и активно учествува во процесите на надворешно оценување и експертска проверка. Во овие процеси, АКВО се јавува како партнер со кој Бреинстер Некст има потпишано меморандум за соработка, а не само како регулатор, што овозможува развојно насочен пристап кон унапредување на институционалниот квалитет.

**Прилози**
Прилог 1.3 А Записник од средба со студентско собрание 2023/2024
Прилог 1.3 Б Одлука за именување на претставник од СС на НС
Прилог 1.3 В Статут на студентско собрание
Прилог 1.3 Г Одлука за формирање на комисија за самоевалуација
Прилог 1.3 Д Одлука за формирање на дисциплинска комисија
Прилог 1.3 Ѓ Силабус Предмет од индустрија

| | |
|---|---|
| 1.4. Во рамките на установата функционира посебно тело надлежно за развој и имплементација на политиката за обезбедување квалитет. | Акт за формирање на телото;<br>Извештаи од неговата работа или записници од одржаните седници. |

Како клучно тело задолжено за евалуација и имплементација на политиките и стандардите за внатрешно обезбедување на квалитет, на Бреинстер Некст Скопје, функционира Комисија за самоевалуација. Согласно Упатството за самоевалуација на Бреинстер Некст, ова тело е формирано со одлука бр. 08-37/2 (Прилог 1.4 А) донесена на 40 седница на Наставничкиот Совет.

Комисијата за самоевалуација е составена од 4 членови со внимателно избалансиран профил, со цел да се обезбеди целосна вклученост на академскиот, административниот и студентскиот сегмент. Во составот на комисијата за самоевалуација учествуваат директорот на Бреинстер Некст, академскиот координатор, предавач на Бриенстер Некст како и претставник од студентите кој е во третата академска година.

| | |
|---|---|
| Во процесот на самоевалуација, согласно одлуката, вклучени се и административната служба и Генералниот менаџер преку обезбедување увид во спроведувањето на политиките, функционирањето на системите и логистичките ресурси. Тие придонесуваат за проценка на ефикасноста на административните процеси и имплементацијата на препораките кои произлегуваат од евалуациите.<br>Овој мултидисциплинарен состав овозможува да се разгледуваат прашањата за квалитет од различни перспективи: академска, управувачка, административна и студентска. Комисијата има самостојна и независна улога во своето работење, и во зависност од потребите може да одржува работни средби, согласно индикативниот распоред од годишниот календар на активности за самоевалуација (Прилог 1.4 Б). На овие работни средби се анализираат резултатите од анкетите, се разгледуваат извештаи од студентските координатори, се дискутираат иницијативи од вработените и студентите, и се предлагаат конкретни мерки за подобрување на наставата, поддршката и условите за работа и студирање. (Прилог 1.4 В) | |
| **Прилози**<br>Прилог 1.4 А Одлука за формирање на комисија за самоевалуација<br>Прилог 1.4 Б Одлука за усвојување на годишен календар со активности<br>Прилог 1.4 В Записник од одржани седници на Комисијата за самоевалуација | |
| 1.5. Установата редовно ги анализира информациите кои произлегуваат од системот за обезбедување на квалитет вклучувајќи ги и статистичките информации и презема мерки за подобрување на студиските програми врз основа на тие информации. Извештајот од самоевалуација е објавен на веб страната на установата. | Извештај од самоевалуациите спроведени во последните пет години; Акциски план или друг релевантен документ за имплементација на заклучоците и/или препораките од самоевалуациите;<br>Линк до извештаи од евалуациите спроведени во последните пет години. |
| Согласно Статутот на СВСШ Бреинстер Некст (Прилог 1.5 А) и Упатството за самоевалуација (Прилог 1.5 Б), процесот на институционална самоевалуација се спроведува на секои три години. Имајќи предвид дека институцијата започна со работа во академската 2022/2023 година, првиот циклус на самоевалуација ќе се реализира во периодот септември–ноември 2025 година, ќе се изработи Извештај од самоевалуација, кој ќе биде јавно објавен на веб-страницата на установата. До изработката на првиот извештај, институцијата континуирано собира и анализира податоци за упис, напредок и завршување на студиите, резултати од студентски анкети за евалуација на наставата, повратни информации од академскиот и административниот кадар, податоци за квалитетот на практичната настава и учеството на студентите во реални проекти. Овие информации се користат за навремено преземање мерки за подобрување на оперативните аспекти на студиските програми, и за унапредување на наставниот процес и студентскиот успех. Во оваа насока, на институционално ниво е формирано стручно тело Оперативен колегиум (Прилог 1.5 В), кое претставува функционален механизам за тековно следење, анализа и предлагање на мерки за унапредување на квалитетот на наставата. Во неговиот состав можат да учествуваат: членови на Наставничкиот совет, студентски претставници, административен кадар, академски координатори, претставници од Одборот на директори, практичари од индустријата вклучени во наставата. Оперативниот колегиум ги разгледува: резултатите од студентскиот успех, евалуациите на наставниците, квалитетот на практичната настава, нивото на учество на студентите во проекти со компании. Врз основа на анализите, колегиумот доставува препораки до Наставничкиот совет за унапредување на методологијата на наставата, содржината на програмите и системот за поддршка на студентите. Седниците се одржуваат по потреба, најчесто на месечно ниво, а за секоја седница се изготвува записник што се доставува до директорот, членовите на НС, администрацијата, Студентското собрание и Одборот на директори. Покрај тоа, институцијата работи врз основа на Стратешки план за институционален развој (Прилог 1.5 Г), кој содржи јасно дефинирани цели и индикатори за | |

| |
|---|
| следење на напредокот во клучните области: настава и учење, студентски постигнувања, научно-истражувачка активност, соработка со индустријата и меѓународните партнери. Врз основа на овој план, Бреинстер Некст систематски прибира, обработува и анализира податоци кои служат како основа за информирано носење одлуки, ревизија на активности и иницирање програми за унапредување на квалитетот на високото образование што го нуди институцијата. |
| **Прилози**<br>Прилог 1.5 А Статут на СВСШ Бреинстер Некст Скопје (линк до веб сајт)<br>Прилог 1.5 Б Упатство за самоевалуација на Бреинстер Некст Скопје (линк до веб сајт)<br>Прилог 1.5 В Одлука за за формирање на стручно тело - Оперативен колегиум и записници од Оперативен колегиум<br>Прилог 1.5 Г Стратегиски план на Бреинстер Некст 2022-2025 и Стратегиски план на Бреинстер Некст 2025-2028 |

| | |
|---|---|
| 1.6. Обезбедувањето на квалитетот во установата претставува континуиран процес кој не завршува со извештајот од надворешната евалуација или со натамошното следење на установата. Препораките од претходната надворешна евалуација се имплементирани. Напредокот постигнат од последната надворешна евалуација е јасно демонстриран.[1] | Извештај од надворешна евалуација од претходниот период;<br>Акциски план;<br>Извештај за преземени мерки и активности за имплементација на Акцискиот план. |
| До сега не е спроведена надворешна евалуација | |
| | |

**Стандард 2**

| СТАНДАРД 2: КРЕИРАЊЕ, ОДОБРУВАЊЕ И СЛЕДЕЊЕ НА СТУДИСКИТЕ ПРОГРАМИ | |
|---|---|
| **ИНДИКАТОР** | **ДОКУМЕНТАЦИЈА** |
| 2.1. Установата има донесен/и акт/и или правила со кој се уредува постапката за изработка и одобрување на студиските програми за прв, втор и трет циклус на студии (доколку е применливо). | Акт во кој е регулирано прашањето; |
| Во СВСШ Бреинстер Некст Скопје постапката за изработка, разгледување, одобрување и ревизија на студиските програми се реализира согласно важечката законска рамка за високо образование во Република Северна Македонија, вклучувајќи го Законот за високото образование (прилог 2.1 А), Правилникот за задолжителните компоненти кои треба да ги | |

[1] Овој индикатор ќе биде предмет на оценка по завршувањето на првата надворешна евалуација односно при следната надворешна евалуација на установата.

содржат студиските програми од првиот, вториот и третиот циклус на студии(Прилог 2.1 Б), Упатството за начинот на пополнување на елаборат за акредитација на студиска програма од прв циклус студии (Прилог 2.1 В), Образец елаборат за (ре)акредитација на студиска програма од прв циклус на студии - ОБ1 (Прилог 2.1 Г).
Процесот на развој на студиска програма се реализира низ структуриран, инклузивен и транспарентен процес, кој започнува со иницијатива од наставниот кадар и академскиот координатор. При дизајнирањето на програмата се земаат предвид: тековните и идните потреби на пазарот на труд, анализи и фидбек од компании и стручњаци со кои установата остварува активна соработка, споредбени анализи со европски и меѓународни студиски програми, препораки од академската заедница и други засегнати страни. На основа на овие консултации и истражувања, се изработува елаборат согласно пропишаниот образец кој ги содржи сите задолжителни компоненти, и се доставува на разгледување и одобрување од Наставничкиот совет. Пред донесување на конечна одлука, елаборатот може да биде предмет на претходно мислење од други советодавни тела и надворешни чинители, вклучувајќи претставници од индустријата, со што се обезбедува релевантност и практична применливост на програмата. Со оваа постапка се обезбедува: усогласеност со законските и подзаконските акти на МОН и АКВО, постојана поврзаност со пазарот на труд и потребите на индустријата и вклученост на сите релевантни чинители во креирањето и ревизијата на студиските програми. Оваа практика придонесува за обезбедување висококвалитетни, применливи и современи студиски програми што ги задоволуваат очекувањата на студентите, академската заедница и пазарот на труд.

**Прилози**
Прилог 2.1 А Закон за високото образование
Прилог 2.1 Б Правилник за содржина на студиските програми
Прилог 2.1 В Упатство за начинот на пополнување на елаборат за акредитација на студиска програма од прв циклус студии
Прилог 2.1 Г Елаборат за (ре)акредитација на студиска програма од прв циклус на студии

| | |
|---|---|
| 2.2. Содржината на студиските програми кои се изведуваат во установата е добро осмислена и опишана. Таа е релевантна за целта на програмата и постигнување на резултатите од учењето. Целите на предметите се дефинирани и усогласени со исходот на образовниот процес (learning outcome). Студиските програми се изработени во насока на непречен развој на студентот и овозможуваат студентите да се стекнат со академско знаење и вештини, вклучително и такви кои може да бидат преносливи, што значи дека може да влијаат врз нивниот личен развој и може да бидат применети во развојот на нивните идни професии. | Студиска програма (се доставуваат сите студиски програми акредитирани на прв, втор и трет циклус, доколку е применливо и кои се изведувале во последните пет години);<br>Предметни програми (силабуси) за сите студиски програми и сите предмети;<br>Опис на утврдените исходи на образовниот процес за сите студиски програми;<br>Конкретни примери и резултати, најдобри практики. |

На СВСШ Бреинстер Некст се реализираат две акредитирани студиски програми на прв циклус стручни студии: Софтверско инженерство и иновации (Прилог 2.2 А) и Примена на информациски технологии – Дигитален дизајн и интерактивни технологии (Прилог 2.2 Б). Содржината на студиските програми на Бреинстер Некст Скопје е целосно усогласена со одредбите од член 140 од Законот за високо образование, кој ги уредува минималните

критериуми за структура, квалитет и релевантност на студиските програми. При нивна изработка, институцијата доследно се води според Правилникот за содржина на студиските програми (Сл.весник бр.244/2023) донесен од Националниот совет за високо образование и научно-истражувачка дејност, како и согласно со препораките на АКВО кои се однесуваат на дизајн и имплементација на современи и компетентно ориентирани наставни програми, особено во областа на компјутерските науки и информатиката. Покрај исполнување на формалните барања, во процесот на развој на структурата на програмите и предметите е земена предвид сеопфатна анализа на потребите на ИТ-секторот на домашниот и меѓународниот пазар, и претставници од индустријата, академски кадар, студенти и надворешни соработници. Процесот на креирање и континуирано унапредување на програмите вклучува редовни консултации, анкети, повратни информации од работни состаноци, практична реализација на реални проекти и менторства на настани како хакатони. Целите на предметите се јасно дефинирани и усогласени со очекуваните резултати од учењето, што овозможува студентите да стекнат не само стручни знаења и вештини, туку и преносливи компетенции – како аналитичко размислување, соработка во тим, и ефективна деловна комуникација. За секој предмет во рамки на програмите е подготвен силабус кој вклучува: наслов и цели на предметот, очекувани резултати од учењето, опис на содржината, наставни методи, начини на проверка на знаењето, како и задолжителна и дополнителна литература (Прилог 2.2 В). Овие елементи директно придонесуваат за личниот и професионалниот развој на студентите. Особено значаен е дуалниот пристап во образованието, кој е интегриран во дизајнот на двете програми и претставува обележје на институцијата. Преку задолжителни стручни практики, имплементација на реални индустриски проекти и предмети како „Имплементација на решение" и „Предмет од индустрија", учењето станува практично, применливо и насочено кон реалните барања на пазарот. Резултатите од ваквиот пристап се видливи и мерливи: во текот на студиите, студентите имаат развиено реални производи, како на пример:
- Платформа за закажување на културни настани во соработка со НОБ и Џез оркестарот - линк
- Предиктивен модел базиран на машинско учење и вештачка интелигенција за синеплекс - линк
- Ребрендинг и дигитални решенија за фестивалот Таксират- линк
- Веб платформа за театар комедија - линк
- Редизајн на веб страна на Смидџин мк - линк
- Bitbite Платформа за креирање на дигитални Qr код менија за угостителски објекти - линк
- Креирање на дигитална публикација од податоци од Државен завод за статистика - линк

**Прилози**
Прилог 2.2 А Елаборат за акредитација на студиската програма Софтверско инженерство и иновации
Прилог 2.2 Б Елаборат за акредитација на студиска програма Примена на информациски технологии - Дигитален дизајн и интерактивни технологии
Прилог 2.2 В Силабуси за сите предмети од акредитираните студиски програми на Бреинстер Некст

| | |
|---|---|
| 2.3. Студиските програми одговараат на развојните потреби на општеството и економијата. | Конкретни примери и резултати, најдобри практики; Релевантни извештаи или препораки. |

Релевантноста на студиските програми на СВСШ Бреинстер Некст е стратешки приоритет и основа врз која се гради целиот модел на настава и учење. Како висока стручна школа која го применува дуалниот пристап, Бреинстер Некст ги интегрира наставата, праксата, менторирањето, реалните проекти и блиската соработка со индустријата, како клучни елементи за подготовка на студентите за непосредно вклучување на пазарот на труд. Студиските програми се дизајнирани со активна вклученост на соработници од индустријата и постојано се прилагодуваат на трендовите и барањата на ИТ-секторот, но и пошироко, согласно современите општествени и економски движења. Преку методологии базирани на решавање реални проблеми, се поттикнува критичко мислење, иновација и претприемачки дух. Иновативниот финансиски модел „Study Now, Pay Later" (SNPL) дополнително ја нагласува ориентацијата на институцијата кон вработливост и резултати. Студентите започнуваат со отплата на

школарината дури по вработување, што претставува силна мотивација за високо квалитетна програма која обезбедува пазарно вредни вештини. На овој начин, одговорноста за резултатите се пренесува кон институцијата, што води до постојано подобрување на содржината и методологијата на наставата. Формално уредената студентска пракса е суштински дел од сите програми, при што студентите реализираат практична настава во компании, јавни институции и организации, во согласност со Правилникот за студентска пракса (Прилог 2.3 А). Практичната настава не само што овозможува примена на стекнатото знаење, туку е и силен катализатор за развој на практични и трансферзабилни вештини. Во рамки на студиските програми се вклучени и специјализирани предмети како: Имплементација на решение, каде студентите решаваат реален предизвик за конкретна компанија и Предмет од индустрија, имплементиран од ИТ-компанија, каде студентите работат на реална технологија под менторство од експерти од практиката и наставниот кадар на институцијата. Активностите како хакатони, стартап симулации, натпревари и јавни презентации се дополнителни форми за поттикнување на креативноста, тимската работа и иновацијата, но и алатки за мерење на реалната применливост на стекнатите знаења. Резултатите од праксата и вработливоста на дипломираните ја потврдуваат релевантноста на програмите:

- Во периодот 2022/2023 до 2024/2025 реализирани се 118 студентски пракси во 59 партнери-компании (Прилог 2.3 Б);
- Во академската 2024/2025 година, од првите 18 апсолвенти на студиската програма на прв циклус студии по Софтверско инженерство и иновации, 3 студенти дипломираа и сите три студенти се вработени. Сите останати апсолвенти кои сеуште работат на својот дипломски труд се вработени (Прилог 2.3 В).

Овие податоци се доказ дека студиските програми не само што одговараат на развојните потреби на пазарот, туку и активно ги предвидуваат идните трендови и креираат кадар кој е компетентен, адаптибилен и подготвен за предизвиците на современата економија.

**Прилози**
**Прилог 2.3 А** Правилник за студентска пракса на студентите на Бреинстер Некст
**Прилог 2.3 Б** Табеларен приказ на пракси
**Прилог 2.3 В** Табеларен приказ на вработувања

| | |
|---|---|
| 2.4. Студиските програми се изработуваат/ревидираат во соработка со студентите и другите релевантни носители на интереси (деловна заедница, државни органи и други организации). Прибраните информации се анализираат, а програмата се прилагодува со цел да се избегне нејзино застарување. Процесот создава ефикасна средина за учење и поддршка на студентите. | Конкретни примери и резултати за соработка со студентите и другите носители на интереси, најдобри практики;<br>Релевантни извештаи или препораки;<br>Записници од одржани средби со студентите и другите учесници во процесот во функција на измена на студиските програми; |

СВСШ Бреинстер Некст развива структуриран, инклузивен и континуиран процес на изработка и ревизија на студиските програми, кој обезбедува нивна актуелност, применливост и усогласеност со потребите на студентите, индустријата и поширокиот општествен контекст. Процесот се базира на принципите на партнерство, транспарентност и обезбедување на информации потребни за одлучување. Клучен елемент е редовното собирање и системска анализа на повратните информации од студентите, наставниот кадар и надворешните чинители. Инструментите што се користат за прибирање студентски мислења вклучуваат:

- анкетни прашалници по завршување на секој предмет, преку кои се собираат мислења за содржината, начинот на предавање и применливоста на наставните единици (Прилог 2.4 А);
- редовни средби на студентите со студентските координатори, каде се дискутираат позитивните искуства и предизвици поврзани со програмите.

| |
|---|
| Добиените податоци детално се анализираат и се претвораат во конкретни предлози и мерки за подобрување, кои се разгледуваат во рамки на: оперативни колегиуми на наставниот кадар, наставнички совети, проширени работни состаноци со вклученост на администрацијата и менаџментот, при што се обезбедува целосна слика за ефикасноста на програмите и можностите за нивно унапредување. Во академската 2023/2024 година, како резултат на овој процес, беа реализирани конкретни подобрувања, меѓу кои: прилагодувања на содржината на предметот Дизајн на кориснички интерфејс во рамките на предвиденото со соодветниот елаборат за овој конкретен предмет, а базирано на сугестии од студенти и индустриски ментори, усогласување на предавањата и поврзување на тематски единици во рамки на предметните програми предвидени во вториот и третиот семестар на програмата „Софтверско инженерство и иновации", со цел постигнување континуитет и логично поврзување на тематските единици за систематско знаење.(Прилог 2.4 Б)<br>Студентите учествуваат во креирањето и следењето на студиските програми и преку нивна формална застапеност во:<br>- Наставничкиот совет, како избрани претставници, каде имаат можност да изнесуваат ставови и иницијативи поврзани со академските прашања,<br>- Студентското собрание, кое дејствува автономно, застапува интереси на студентите, иницира предлози и соработува со раководството,<br>- Комисијата за самоевалуација, каде студентите учествуваат во анализа на анкетни податоци, идентификување на проблеми и предлагање решенија во функција на подобрување на квалитетот на програмите.<br><br>Овој формализиран систем овозможува вистинско влијание на студентите врз донесувањето одлуки, политиките и ревизиите на програмите, и создава култура на учество, доверба и заемна одговорност. Индустриските партнери се активно вклучени преку: неформални консултации и фокус-групи во рамки на проекти и хакатони, анализи на фидбек од компании-партнери што прифаќаат студенти на пракса при што се идентификуваат конкретни компетенции што се бараат на пазарот и континуирана соработка во дефинирање на потребните ажурирања на постојните програми. Како резултат на овие механизми, во академската 2024/2025 година беа поднесени барања до Агенцијата за квалитет за предвремена реакредитација на двете студиски програми, со цел навремено интегрирање на новите трендови и технологии, како на пример содржини поврзани со вештачка интелигенција и автоматизација (Прилог 2.4 В). Целокупниот процес овозможува студиските програми на СВСШ Бреинстер Некст да бидат флексибилни, релевантни и ориентирани кон иднината, создавајќи средина која ги мотивира студентите, ја поддржува нивната лична и професионална реализација и го овозможува развојот на кадар кој директно одговара на реалните предизвици на современиот пазар на труд. |
| **Прилози**<br>Прилог 2.4 А - Анкета за студентско задоволство<br>Прилог 2.4 Б - Записник од средба за усогласување на наставниот процес помеѓу предметите Дизајн на кориснички интерфејс и Веб апликации<br>Прилог 2.4 В - Одлука за усвојување на студиски програми и мислење од Одбор за соработка со јавноста за реакредитација на двете студиски програми |

| | |
|---|---|
| 2.5. Студиските програми користат надворешна експертиза и референци. Програмата е усогласена со најдобрите странски практики и искуства. | Предметни програми (силабуси) за сите студиски програми (со прикажана основна и дополнителна литература);<br>Листа на надворешни/странски наставници или експерти кои се вклучени во студиските програми во последните пет години.<br>Конкретни примери на усогласеност на студиските програми со најдобрите странски практики и искуства. |
| Во насока на обезбедување современо, применливо и квалитетно образование, СВСШ Бреинстер Некст активно вклучува надворешна експертиза, како и најдобрите странски искуства | |

и наставни практики при изработка и имплементација на своите студиски програми. Во изработката и изведувањето на студиските и предметните програми, се користи референтна странска и домашна литература, со цел да се овозможи пристап до најновите академски сознанија и практични алатки во индустријата. Во сите силабуси за предметите, јасно е наведена основната и дополнителната литература (Прилог 2.5 А)

Во последните три години, во наставата и развојот на програмите беа вклучени голем број на стручњаци од практика, дел од нив со професионално искуство во странство или во интернационални компании, вклучително и стручњаци кои паралелно се активни во домашната ИТ индустрија, со искуство во компании како Loca, Intertec, Damilah, Brainster, Ox, PXC, Singular, Dashy DEsh, Seavus, Johnson Matthey, HAselut, Napnok games, Nova International School, Symphony, Vertigo Visual, 42Dynamics, Ericsson, Endava, Cosmic Development, CodeWell, Devsy, Netcetera и многу други. (Прилог 2.5 Б)

Студиските програми се директно инспирирани од практики и наставни модели на странски универзитети, со кои институцијата споделува слична структура, пристап заснован на излезни резултати и практична насоченост. На пример:

- Програмата „Софтверско инженерство и иновации" е концептуално и содржински блиска до моделот на „dual study" што се применува на University of Applied Sciences (Hochschule) Mannheim (https://www.english.hs-mannheim.de/study-programmes/bachelor-courses.html) и Baden-Württemberg Cooperative State University (DHBW) во Германија. (https://www.dhbw.de/english/studyprogrammes/undergraduate-studies)
- Слични студиски програми на програмата „Примена на информациски технологии – Дигитален дизајн и интерактивни технологии", може да се најдат во: Данска (https://en.itu.dk/Programmes/BSc-Programmes/Digital-Design-and-Interactive-Technologies); Германија (https://www.brand-university.de/en/bachelor/digital-design/ и https://www.ue-germany.com/programmes/tech-and-software/bachelor/ux-ui-design); Хрватска (https://www.algebra.hr/visoko-uciliste/studij/prediplomski-studij/dizajn/ ) и др. (Прилог 2.5 В)

Во изминатите години, Бреинстер Некст организира и бројни гостински предавања и хакатони со ментори со богато меѓународно искуство, како дел од активната интеграција на глобалната експертиза во наставата. Дел од експертите имаат и формално образование стекнато надвор од Македонија, што овозможува постојан трансфер на знаење и методологии од странски образовни системи.

Со ова, институцијата обезбедува наставна понуда која не само што одговара на локалните потреби, туку е и во чекор со глобалните образовни и индустриски трендови, подготвувајќи ги студентите за професионална мобилност и академски напредок во странство.

**Прилози**

Прилог 2.5 А - Силабуси за предметите од двете студиски програми

Прилог 2.5 Б - Листа на надворешни соработници ангажирани во последните 3 години на двете студиски програми на Бреинстер Некст Скопје

Прилог 2.5 В - Линк до програмите на универзитети со кои се усогласени Студиските програми и практики на Бреинстер Некст. (University of Applied Sciences (Hochschule) Mannheim (https://www.english.hs-mannheim.de/study-programmes/bachelor-courses.html); Baden-Württemberg Cooperative State University (DHBW) во Германија. https://www.dhbw.de/english/studyprogrammes/undergraduate-studies; Данска (https://en.itu.dk/Programmes/BSc-Programmes/Digital-Design-and-Interactive-Technologies); Германија (https://www.brand-university.de/en/bachelor/digital-design/ и https://www.ue-germany.com/programmes/tech-and-software/bachelor/ux-ui-design); Хрватска (https://www.algebra.hr/visoko-uciliste/studij/prediplomski-studij/dizajn/ )

| | |
|---|---|
| 2.6. Студиските програми јасно го дефинираат целокупниот очекуван работен ангажман на студентот и вклучуваат добро структуирани надворешни активности (обуки, практична работа и други активности кои не се одвиваат во установата, но му овозможуваат на студентот да стекне искуства во областа на неговите студии). Оптоварувањето овозможува студентот да учествува во надворешни активности за време на студиите. Практичната настава е соодветно валоризирана во оптоварувањето и нејзината реализација редовно се следи. | Приказ на очекуваното оптоварување на студентите (за сите студиски програми прикажано во број на часови (настава, часови и сл.), ЕКТС и очекувано оптоварување за совладување на предметните програми); Приказ за вклучувањето на практична настава во предметните односно студиските програми;<br>Извештај за реализирана практична настава и надворешни активности (обуки, практична работа и други активности кои не се одвиваат во установата, но му овозможуваат на студентот да стекне искуства во<br>областа на неговите студии) во последните пет години за сите студиски програми. |

Студиските програми на СВСШ Бреинстер Некст јасно го дефинираат очекуваниот работен ангажман на студентите и интегрираат добро структуирани надворешни активности, кои се важен дел од нивниот севкупен образовен процес. Наставните програми се дизајнирани согласно законските одредби, така што овозможуваат оптимално и избалансирано оптоварување по семестар, овозможувајќи квалитетна комбинација на теоретска и практична настава, како и активно учество во активности надвор од институцијата. Организацијата на студиите е прилагодена на потребите на студентите, обезбедувајќи доволно време не само за академски обврски, туку и за вклучување во надворешни активности што придонесуваат за развојот на нивните професионални вештини, и практично искуство. Во рамки на описите на предметите за сите студиски програми дадени во Елаборатите на студиските програми (Прилог 2.6. А), за секој предмет е прецизно наведена распределбата на вкупниот фонд на часови согласно со бројот на кредити, и тоа по видови на активности: предавања, вежби, самостојна работа, подготовка за испит и практична настава. На пример: на предметот Структурно програмирање со кредитна вредност од 6 ЕКТС, расположливото време од 150 часа е распределено на следниот начин: предавања - 20 часови, вежби (лабораториски, аудиториски) - 20 часови, проектни задачи - 20 часови, самостојни задачи - 30 часови, домашно учење - 60 часови. Практичниот дел е конзистентно застапен и интегриран во предметите, како што се „Имплементација на решение" и „Предмет од индустрија", како и преку задолжителната и незадолжителната студентска пракса. Надворешните активности се систематски планирани, следени и документарно евидентирани, а нивната реализација директно придонесува кон развојот на професионални компетенции кај студентите. Тие вклучуваат:

- Задолжителна студентска пракса во трета година, спроведена согласно Правилникот за студентска пракса и следена преку менторска супервизија и извештаи (Прилог 2.6.Б). Во академската 2024/2025 година успешно се реализирани 15 задолжителна пракса со студенти од трета студиска година (Прилог 2.6.В).
- Незадолжителна пракса за студенти од прва и втора година, достапна под јасно дефинирани критериуми во Правилникот за реализација на студентска пракса на студентите на Бреинстер Некст (Прилог 2.6.Г).
- Посети на компании, организација на саеми за вработување, кариерни сесии и слични настани, кои се интегриран дел од годишниот академски календар.
- Предметот „Предмет од индустрија", каде што студентите, под менторство од индустриски експерт, решаваат реален проблем на партнер-компанија.
- Учество на хакатони и надворешни натпревари, вклучувајќи 7 интерни хакатони и 4 надворешни натпревари, каде студентите постигнуваат значајни резултати. Особено значајно е освоеното прво и второ место на натпреварот организиран од Собранието на РСМ, со развој на интелигентен видео-интерактивен систем (Прилог 2.6.Д).
- Предметот „Имплементација на решение", во чии рамки студентите од прва и втора година, на крајот од академската година, развиваат решенија за реални предизвици на компании или организации (Прилог 2.6.Ѓ).

Следењето и континуираното унапредување на практичната настава и надворешните активности претставува основа за подигнување на квалитетот на студиските програми, како и зголемување

на релевантноста и применливоста на стекнатите знаења во реалната работна средина. Овој пристап е во целосна функција на визијата за практично ориентирано и пазарно релевантно образование, карактеристично за Бреинстер Некст.

-Дополнително, Бреинстер Некст континуирано воспоставува и одржува формализирана соработка со компании од индустријата преку потпишување на меморандуми за соработка. Овие меморандуми претставуваат стратешка рамка за поврзување на академските програми со реалниот пазар на труд и опфаќаат повеќе аспекти на заедничко делување, меѓу кои: реализација на студентски практикантски програми во партнерските компании; ангажирање на индустриски експерти како гостински предавачи во предмети со практична насоченост; вклучување на компаниите во развојот и ревизијата на наставните програми преку идентификување на потребните компетенции и вештини на пазарот; учество на компаниите на саемите за вработување и кариерните сесии организирани од институцијата; соработка на реални проекти, хакатони и натпревари каде студентите решаваат предизвици понудени од индустриски партнери.

Со ваквиот пристап се овозможува студентите да стекнат реално работно искуство и да изградат контакти со потенцијални работодавачи уште за време на студиите. Истовремено, компаниите имаат можност да идентификуваат талентирани кадри и да придонесат кон развојот на релевантни наставни содржини.

Меморандумите не создаваат финансиски обврски меѓу страните, но овозможуваат структурирана и континуирана соработка во која секоја активност се дефинира преку посебен анекс со јасно утврдени цели, одговорности и рокови.

Ваквиот модел на соработка претставува еден од клучните механизми за одржување на пазарната применливост на програмите и за обезбедување на висок степен на вработливост на дипломираните студенти. (Прилог 2.6 Е)

**Прилози**

Прилог 2.6 А - Елаборат со приказ на оптоварување по предмет на сите студиски програми

Прилог 2.6 Б - Правилник за реализација на студентска пракса на студентите на Бреинстер Некст

Прилог 2.6 В - Листа на студенти кои реализирале задолжителна студентска пракса

Прилог 2.6 Г - Листа на студенти кои реализирале студентска пракса во последните 3 академски години на Бреинстер некст Скопје

Прилог 2.6 Д - Листа на хакатони и натпревари во последните 3 академски години на Бреинстер Некст Скопје

Прилог 2.6 Ѓ - Листа на компании и софтверски решенија по предметот Имплементација на решение во последните 3 академски години на Бриенстер Некст

Прилог 2.6 Е - Увид во евиденцијата на склучени меморандуми

| | |
|---|---|
| 2.7. Информациите за студиската програма објавени на сајтот на установата кореспондираат со официјалните записи. Информациите се објавени и на јазикот на кој се изведува програмата. | Линк до веб страна каде се објавени наведените информации.[2] |

На официјалната веб страна на СВСШ Бреинстер Некст се објавени сите релевантни податоци за двете студиски програми на прв циклус стручни студии, Софтверско инженерство и иновации ( Прилог 2.7 А) и Примена на информациски технологии - Дигитален дизајн и интерактивни технологии Прилог 2.7 Б). Информациите се објавени на македонски јазик, на кој се одвива и наставата на СВСШ Бреинстер Некст Скопје.

**Прилози**

**Прилог 2.7 А -** Линк до вебсајт за студиската програма Софтверско инженерство и иновации

[2] Стручната комисија може да побара координаторот при АКВО да ги спореди објавените информации со официјалните записи во АКВО.

**Прилог 2.7 Б** - Линк до вебсајт за студиската година Примена на информациски технологии - Дигитален дизајн и интерактивни технологии

| | |
|---|---|
| 2.8. Високообразовните установи ги следат и периодично да ги ревидираат своите студиски програми со цел истите ги постигнат поставените цели и да ги задоволат потребите на студентите и општествената заедница. Ревизијата е насочена кон континуирано подобрување на студиските програми. За активностите кои се планираат или се преземаат врз основа на ревизијата треба да се информираат сите засегнати учесници. | Извештаи за спроведена настава или информација за следењето на изведувањето на наставата; Индикатори и заклучоци; Приказ на ревидирани студиски програми во последните пет години со информации за природата на измената причините за спроведените промени и очекуваните резултати. |

СВСШ „Бреинстер Некст" спроведува систематско следење на квалитетот на студиските програми со цел да обезбеди нивно усогласување со поставените образовни цели и постојано одговарање на потребите на студентите, индустријата и пошироката општествена заедница. Во согласност со Законот за високото образование, сите студиски програми подлежат на задолжителна реакредитација на секои пет години.

Како новоформирана високообразовна установа, СВСШ „Бреинстер Некст" моментално се наоѓа во рамките на својот прв петгодишен акредитациски период и со тоа е во фаза на интерна подготовка и ажурирање, но не и во формална фаза на ревизија според пропишаните рокови. Сепак, имајќи го предвид принципот на континуирано подобрување, во текот на 2024 година институцијата проактивно поднесе барања за предвремена реакредитација на двете активни студиски програми, како одговор на брзиот технолошки напредок и растечките пазарни барања, особено во доменот на вештачката интелигенција, податоци и автоматизација.

Иако барањата беа одбиени од Агенцијата за квалитет во високото образование поради тоа што законската рамка моментално не дозволува предвремена реакредитација (Прилог 2.8.А), институцијата продолжи со консултации со засегнатите страни за ревизија и подобрување на програмите.

Како активен чинител во сферата на високото образование, „Бреинстер Некст" по одбивањето на барањата за предвремени реакредитации поднесе официјален предлог за измена на Законот за високото образование до Министерството за образование и наука. Во овој предлог, покрај повеќе препораки поврзани со подобрување на системот на обезбедување квалитет, институцијата достави и конкретна иницијатива за овозможување предвремена реакредитација на студиски програми (Прилог 2.8.Б).

Како резултат на сите овие активности, веќе се подготвуваат ревидирани верзии на двете студиски програми, кои ќе бидат официјално поднесени при првото отворање на формалната процедура за реакредитација. Во ажурираните програми се вградени нови модули и содржини поврзани со практични компетенции од областа на вештачка интелигенција, анализа на податоци и автоматизација, кои произлегуваат од консултации со индустриски партнери и анализа на трендовите на пазарот на труд.

Сите засегнати страни – вклучително и академскиот кадар, студентите и партнерските организации – се навремено информирани и вклучени во процесот на ревизија и подобрување на студиските програми, со што се обезбедува транспарентност, инклузивност и континуирана релевантност на образовната понуда.

**Прилози**
Прилог 2.8 А Одлуки за усвојување на студиски програми и мислење од одбор за соработка со јавноста
Прилог 2.8 Б - Предлози за најавениот нов Закон за високоот образование.

| | |
|---|---|
| 2.9. Статистичките податоци (бројот на предмети кои се реализираат, бројот на студенти, оцени, број и причини за напуштање на студиите итн.) редовно се следат и системски се анализираат. | Статистички податоци (бројот на предмети кои се реализираат, бројот на студенти, просечни оцени по предмети, број и причини за напуштање на студиите итн.) по академски години за последните пет години. |

СВСШ Бреинстер Некст системски и континуирано ги следи и анализира статистичките податоци поврзани со реализацијата на наставата, успехот на студентите, просечна оцена по предмет поединечно за секоја студиска програма, како дел од поширокиот процес на обезбедување и унапредување на квалитетот на високото образование. Овие податоци претставуваат основа за оценување на ефикасноста на наставниот процес, идентификување на потенцијални предизвици и носење на информирани и навремени одлуки за унапредување на академските и административните практики. Клучна алатка за управување со овие податоци е платформата IAMNEXT, која овозможува автоматизирано прибирање, преглед, филтрирање и анализа на информации во реално време. Преку оваа платформа, институцијата има пристап до широк спектар на показатели, вклучително, но не ограничувајќи се на следните:

- број на запишани студенти по академска година и по студиска програма;
- број на активни и реализирани предмети по година;
- распределба на ЕКТС по предмет и програма;
- статистика за положеност и просечна оцена по предмет и по година;
- број на дипломирани и испишани студенти;
- причини за прекин на студии, каде што се достапни.

Податоци од прв циклус на студии:
1. Број на запишани студенти (по академски години):
   - 2022/2023: 46
   - 2023/2024: 74
   - 2024/2025: 83

Се забележува континуиран раст на интересот за студирање на СВСШ Бреинстер Некст, со зголемување на бројот на запишани студенти секоја учебна година.
2. Број на студенти кои ги прекинале студиите:
   - Од генерацијата 2022/2023: 26
   - Од генерацијата 2023/2024: 8
   - Од генерацијата 2024/2025: 5

Се забележува значително намалување на бројот на отпишани студенти, што укажува дека студентите избрале студиски програми кои одговараат на нивните интереси. Статистиките во однос на проодноста на студентите може да се анализира од годишните извештаи за спроведување на стратегискиот план на Бреинстер Некст во делот на Стандардот бр.9 (Прилог 2.9 А)
3. Број на реализирани предмети:
   - 2022/2023: 11 предмети (активна е само една програма – Софтверско инженерство и иновации)
   - 2023/2024: 30 предмети
   - 2024/2025: 50 предмети

Зголемувањето на бројот на предмети е резултат на проширување на програмските активности и растот на институцијата.

4. Оцени и академски успех: Институцијата води систематска евиденција за просечните оцени и положеноста по предмет и по академска година, што овозможува следење на академските постигнувања и навремено детектирање на потенцијални слабости. (Прилог 2.9 Б)

Редовното следење и анализа на статистичките податоци за успехот на студентите претставува суштински елемент на системот за обезбедување квалитет во СВСШ Бреинстер Некст. Растечкиот број на запишани студенти, намалениот број на испишувања и проширувањето на наставните активности се индикатори за позитивните трендови во развојот на институцијата. Овие резултати се должат на стратегиската ориентација кон квалитетна и релевантна настава, персонализирана поддршка за студентите и користење на напредни дигитални алатки за управување со академскиот процес.

**Прилози**
Прилог 2.9 А Извештаи за спроведување на стратегискиот план за 2022/2023; 2023/2024 и 2024/2025 академска година
Прилог 2.9 Б Статистички податоци за просечни оцени по предмет по академска година.

**Стандард 3**

| СТАНДАРД 3: УЧЕЊЕ, НАСТАВА И ВРЕДНУВАЊЕ НАСОЧЕНО КОН СТУДЕНТОТ | |
|---|---|
| **ИНДИКАТОР** | **ДОКУМЕНТАЦИЈА** |
| 3.1. Установата има развиен механизам кој гарантира дека програмите се изведуваат на начин со кој се мотивираат студентите да земат активно учество во креирањето на процесот на учење и дека оценувањето на студентите го отсликува овој процес. | Приказ на системот за изведување на настава на ниво на установа;<br>Акт/правила/стандарди или индикатори за квалитет во наставата; Конкретни примери за активно учество на студентите во процесот на учење. |

Согласно определбата на СВСШ Бреинстер Некст за обезбедување на квалитететен и современ модел на настава преку учење фокусирано на студентот, развиен е сеопфатен механизам кој обезбедува активна вклученост на студентите во процесот на учење и соодветно оценување што го рефлектира нивниот ангажман, напредок и постигнувања. Овој сеопфатен механизам го сочинуваат неколку елементи:

1. Модел на настава - учење фокусирано на студентот (student-centered learning) - Наставата на СВСШ Бреинстер Некст се реализира според принципите на учење фокусирано на студентот (student-centered learning), при што наставниот процес е структуриран да поттикнува: самостојна работа и иницијатива, критичко размислување и анализа, практична примена на знаењето, креативност и тимска работа. Во рамките на наставниот процес се применуваат различни интерактивни активности, вклучувајќи: предавања и вежби со физичко присуство, лабораториски сесии, менторски и онлајн сесии (доколку се вклучува визитинг наставник), работа на проекти и задачи за решавање реални проблеми од индустријата, тематски работилници и кариерни обуки за развој на меки вештини.

2. Улога на платформата IAMNEXT - Целокупниот наставен процес е поддржан преку дигиталната платформа IAMNEXT, која овозможува: креирање и преглед на наставни материјали, директна комуникација помеѓу студенти и наставници, следење на индивидуалниот напредок, поднесување и оценување на задачи, пристап до повратни информации и административни податоци. Користењето на платформата овозможува транспарентност, ефикасност и вклученост на студентите во секоја фаза од наставниот процес.

3. Поддршка од Student Success тимот (студентските координатори) – Дополнително Student Success тимот индивидуално работи со студентите на поставување и следење академски и лични цели, давајќи менторска поддршка за надминување на потешкотии и остварување на резултати. На овој начин се создава персонализирана образовна патека за секој студент.

4. Оценување засновано на ангажман и резултати - Системот за оценување е прилагоден за да го одрази целиот процес на учење, вклучително: ангажманот во текот на наставата, квалитетот на практичните и проектните задачи, учество во дискусии, презентации и вежби, завршни тестови, портфолија и групна работа. Секој предметен наставник на првиот час ги запознава своите студенти со планот на предметот (силабус) и ги објаснува сите важни елементи за начинот на предавање, темите кои се поминуваат, проектите кои треба да се изработат, колоквиум и финален испит, начинот на оценување и формирањето на конечната оценка. Се применуваат различни форми на оценување (формативно и сумативно), со што се обезбедува правичност и сеопфатност на оценувањето.

5. Нормативна рамка и транспарентност - Примената на овој механизам е формално утврдена и регулирана преку следните акти, достапни на [https://next.edu.mk/akti/](https://next.edu.mk/akti/): Статут на СВСШ Бреинстер Некст, Правилник за единствени правила за студирање, Правилник за студентска пракса, Правилник за поплаки и жалби од студенти, Правилник за пријава на корупција, Процедура за организирање и одржување на испитни сесии по сите активни студиски програми, Кодекс на етичко однесување на академската заедница. Овие документи ја обезбедуваат транспарентноста, отчетноста и доследната примена на принципите на активно учество и правично оценување. (Прилог 3.1 А)

**Прилози**
Прилог 3.1 А Акти на Бреинстер Некст (Правилникот за единствени правила за студирање, Правилник за студентска пракса, Правилник за поплаки и жалби од студенти, Правилник за пријава на корупција, Процедура за организирање и одржување испитни сесии на софтверско инженерство и иновации и Процедура за организирање и одржување испитни сесии на Примена на информациски технологии - Дигитален дизајн и интерактивни технологии)

| | |
|---|---|
| 3.2. Установата ја почитува различноста на студентите и нивните потреби, овозможува флексибилни пристапи на учење. Се користат различни модели на реализација на настава онаму каде е тоа возможно како и мноштво на педагошки методи. | Приказ на реализацијата на наставата за секоја студиска програма одделно;<br>Опис на начините на изведување на наставата за сите студиски програми; Конкретни примери за иновативни методи во изведување на наставата. |

Установата ја почитува различноста на студентите и нивните потреби, обезбедувајќи флексибилни пристапи на учење. Се користат различни модели и педагошки методи на реализација на настава онаму каде е тоа возможно.

Бреинстер Некст Некст има воспоставено академска и организациска култура која активно поддржува инклузивен пристап кон образованието, почитувањето на различностите, и индивидуалните потреби на студентите. Во таа насока, наставата се организира со употреба на различни модели прилагодени на различни стилови на учење, лични обврски и екстракурикуларни активности на студентите. Институцијата применува флексибилни пристапи на учење преку реализација на настава со физичко присуство, онлајн и хибридни модели, екстракурикуларни и општествено одговорни активности зависно од карактерот на студиските програми и потребите на студентите. Дигиталната платформа за учење овозможува постојан пристап до материјали, снимени предавања и комуникација со

наставниот кадар, што значително ја зголемува пристапноста и поддршката за студентите. (Прилог 3.2 А) Посебно внимание се посветува на поддршката на студенти кои се соочуваат со тешкотии при совладување на одредени предмети. Во такви случаи, институцијата овозможува:

- дополнителни часови со професор кои можат да се организираат во договор помеѓу студентот и професорот или со посредство на студентските координатори;

- дополнителна поддршка од студенти– колеги од истата или друга генерација кои успешно го совладале предметот (најчесто со оцена 10), а со кои се организираат дополнителни часови и вежби, по иницијатива и координација на студентските координатори;

- флексибилност во академското напредување на студентите – се овозможува запишување на шести предмет во семестарот за студенти кои имаат постигнат просек над 8.00, преку поднесување и одобрување на барање до Наставниот совет. Оваа мерка особено им помага на студенти кои претходно пропуштиле предмети поради презапишување на предмети, го подобриле академскиот успех и сакаат да се вратат во редовна динамика на студирање („back on track“).

Во наставниот процес се применуваат различни педагошки методи: проектно-базирано учење, тимска работа, студии на случај, симулации, проблемски ориентирана настава, менторирање и активно вклучување на студентите во решавање реални предизвици. Особен акцент се става на примената на знаењето и развојот на практични вештини во реални и симулирани работни услови. Како конкретен пример, на студиската програма "Софтверско инженерство и иновации", наставата се реализира преку предавања, вежби и задолжителни лабораториски активности. Предавањата ги покриваат теоретските основи, додека практичните сесии обезбедуваат можност за директна примена и продлабочување на знаењата. Значаен елемент во наставата е тимската проектна работа, каде студентите развиваат и презентираат реални софтверски решенија пред публика, често составена од претставници на ИТ-индустријата. (Прилог 3.2 Б) Ваквиот пристап ја поттикнува соработката, креативноста и критичкото размислување, додека истовремено овозможува конструктивна повратна информација од професионалци од практиката. Покрај редовната настава, студентите учествуваат и во активности како хакатони, симулирани интервјуа, обуки за презентациски вештини и кариерни настани, со што се создава образовно опкружување што е динамично, применливо и мотивирачко. Вклучувањето на студенти во реални проекти со клиенти, задолжителната и факултативна пракса дополнително ја јакне нивната подготовка за вработување и им овозможува стекнување на релевантно искуство уште за време на студиите.

**Прилози**
Прилог 3.2 А - Увид на Дигитална платформа за учење
Прилог 3.2 Б - Објава од активност од тимска проектна работа

| | |
|---|---|
| 3.3. Установата редовно врши адаптација на начините на изведување настава. Наставата се темели на интерактивно учење и учење ориентирано кон студентот. Пристапот на учењето е фокусиран на студентот, развојот на неговите вештини и компетенции. Пристапот е интердисциплинарен, базиран на студии на случај (case study) приспособен на циклусот на студии. Студиската програма вклучува и учење базирано на проекти. | Примери на студии на случај кои се користат во наставата, реализирани проекти во наставата или други методи релевантни за студиската програма и сл.;<br>Примери/извештај за следење на наставата и постапување по слабости;<br>Примери на извршена адаптација на начините на изведување на наставата. |

Бреинстер Некст континуирано го адаптира начинот на изведување на наставата со цел да одговори на актуелните образовни потреби, интереси и различности на студентите. Наставниот процес е организиран според принципите на „учење со фокус на студентот“ (student-centered learning), кој подразбира високо ниво на интерактивност, индивидуализиран пристап и активна вклученост на студентите во процесот на учење. Овој модел на настава вклучува постојана примена на интердисциплинарен пристап, студии на случај и проектно базирано учење, при што студентите решаваат реални проблеми со практична примена на знаења и вештини од повеќе области. Во рамки на наставата, на двете актуелни студиски програми по предметите Имплементација на решение се реализираат реални проекти за компании и институции, како што се развој на дигитални решенија за Синеплекс, Национална опера и балет, Џез оркестар, Театар Комедија, Државниот завод за статистика и др. Дополнително, студентите редовно учествуваат во хакатони организирани во партнерство со институции како Холандската амбасада, Шпаркасе банка Смиџин Македонија и др., при што развиваат општествено релевантни дигитални алатки и концепти. Во рамки на наставата по изборниот предмет дигитален маркетинг на студиската програма софтверско инженерство и иновации, студентите креираат целосни маркетинг стратегии за сопствени или симулирани бизниси, со што се поттикнува нивната креативност, применетото знаење и интердисциплинарното размислување. (Прилог 3.3 А)

Следењето на квалитетот на наставата и навремената идентификација на можни слабости се обезбедени преку повеќеслоен пристап. Во првите недели од секој предмет, академскиот и студентскиот координатор вршат директно следење на часовите (shadowing), а дополнително се прибираат и неформални впечатоци и предлози од студентите и професорите преку индивидуални средби. Овој пристап е надграден со структурираниот систем на анкетирање на студентите при што се обезбедува подлабоко разбирање на искуствата и предизвиците во наставниот процес.

Кога ќе се идентификува слабост или негативен фидбек, се активира внатрешниот механизам на повратна спрега (feedback loop), преку кој најпрво се собираат податоци од повеќе страни (најмалку 30% од студентите), се прави анализа и се преземаат конкретни мерки. За ефектите од преземените активности, сите засегнати страни се информираат навремено, а наставата продолжува да се следи со цел верификација на ефектот. Доколку не се постигне посакуваното подобрување, процесот повторно се активира. Конкретен пример за ова е наставата по предметот Оперативни системи и девопс во академската 2024/2025 година, каде беше идентификувано незадоволство од страна на студентите во делот на интерактивноста за време на часовите. По процесот на консултации и следење, беа дадени насоки до предавачот за адаптација на наставниот пристап, а резултатите беа потврдени како позитивни во следните недели. (Прилог 3.3 Б)

Прилагодувања и флексибилност според потребите на студентите се интегрални компоненти во наставниот процес на институцијата. Промени во начинот на изведување на наставата може да се направат и во текот на семестарот, како одговор на конкретни предизвици или повратна информација од студентите. Вакви промени можат да вклучуваат: воведување на дополнителни часови за лабораториски вежби, организирање на дополнителни часови за појаснување, прилагодување на форматот на проверка на знаење. Во академската 2024/2025 година по предметот Линеарна алгебра професорот утврди потешкотии во совладување на одредена проблематика кај студентите и организираше дополнителни вежби со задачи предложени од самите студенти, што резултираше во зајакнување на меѓусебната доверба и поголема посветеност од студентите.

Со воспоставениот модел на флексибилна и динамична организација на наставата, СВСШ Бреинстер Некст обезбедува вистинска основа за личен и академски развој на секој студент, при што наставниот процес се трансформира во интерактивна, релевантна и мотивирачка образовна средина.

**Прилози**

Прилог 3.3 А - Линк од Медиа сегментот на вебстраната на Бреинсстер Некст.

Прилог 3.3 Б - Извештај

| | |
|---|---|
| 3.4. Сите кои учествуваат во оценувањето на студентите (наставници, соработници итн.), се запознаени со постојните методи на тестирање и испитување и добиваат поддршка во развивањето на сопствени вештини во ова поле; оценувањето вклучува различни формални алатки за оценување, лабораториски вежби, задачи, проекти итн. | Преглед на методите на оценување и испитување на студентите за секој предмет од студиската програми со приказ на различни формални алатки за оценување, лабораториски вежби, задачи, проекти итн. |

СВСШ Бреинстер Некст применува интегриран, структуриран и студентски ориентиран пристап кон оценувањето, кој обезбедува објективна и транспарентна евалуација на знаењата, вештините и компетенциите на студентите. Овој пристап е заснован врз начелата утврдени во Правилникот за единствени правила за студирање (Прилог 3.5 А), во кој детално се опишани видовите на тестирање, критериумите за оценување и формите на проверка на резултатите. Дополнително, елаборатите на студиските програми (Прилог 3.5 Б) содржат прецизни упатства за примената на различни методи и алатки за оценување, прилагодени на специфичните цели на секоја програма. На почетокот на секој предмет, наставниот кадар ги информира студентите за формите на проверка на знаење и нивното учество во формирање на оценката (писмени и усни испити, проекти, презентации, лабораториски вежби, квизови, тестови итн.), со што се обезбедува транспарентност, предвидливост и јасно поставени очекувања. Со ова се овозможува фер и ефективен процес на оценување, кој ја поддржува автономијата и активното учество на студентите. Процесот на оценување опфаќа комбинација од традиционални и современи алатки, меѓу кои се: писмени и усни испити, квизови и тестови, индивидуални и тимски проекти, лабораториски вежби и задачи, работа на реални проекти и нивна презентација (вклучително и пред компании од индустријата), изработка на есеи, семинарски трудови, финални проекти и анализа на случаи. Ваквиот разновиден пристап овозможува целосна и реална проценка на академските и практичните достигнувања на студентите, при што се стимулираат нивните аналитички и критички способности, како и соработката и тимската работа.

Во поддршка на транспарентноста и достапноста на информациите, клучна улога има дигиталната платформа IAMNEXT, преку која: резултатите од оценувањето се објавуваат навремено, студентите имаат постојан увид во своите постигнувања (Прилог 3.5 В), се овозможува директна и навремена комуникација со наставниците за критериумите и очекувањата. Дополнително, секој студент има право на увид во своите испити, како и можност за консултација со наставниот кадар, со цел да добие конструктивна повратна информација, која претставува суштински елемент во процесот на учење и развој. Наставниците, соработниците и сите кои учествуваат во процесот на оценување се континуирано информирани и обучувани за современите методи на оценување, со цел да развијат сопствени вештини и пристапи во евалуацијата, кои се во согласност со целите на студиските програми и потребите на студентите. Поддршката се обезбедува преку внатрешни обуки, споделување на добри практики и постојано следење на ефективноста на применетите методи. Секој нов предавач, на почетокот на секој блок, поминува онбординг процес кој вклучува обуки и предавања организирани од страна на институцијата. На овие сесии се разгледуваат теми како современи методи на настава и оценување, процедури за креирање и ревизија на силабус, ефикасна комуникација со студентите, управување со натпреварувачки задачи и континуиран мониторинг. По завршувањето на овие онбординг сесии, секој учесник добива електронска папка која содржи презентации, методолошки прирачници и дополнителни материјали за поддршка. (Прилог 3.4 Г)

На овој начин се обезбедува дека наставниот кадар е усогласено информиран за интерните процедури, применува стандарден и објективен пристап кон оценувањето, и континуирано ги унапредува своите професионални компетенции во оваа област. На двете студиски програми

од прв циклус на стручни студии Софтверско инженерство и иновации и Примена на информациски технологии, дигитален дизајн и интерактивни технологии — се применува широк спектар на алатки и форми на оценување, меѓу кои: лабораториски и практични вежби, домашни задачи, индивидуални и тимски проекти, финални проекти, писмени, електронски и усни испити, испити во повеќе делови, како и квизови, тестови и презентации пред предавачите и индустриските партнери. Со ваквиот систематски и сеопфатен пристап, Бреинстер Некст обезбедува доследност и академска правичност во процесот на оценување, поттикнува висок степен на студентска ангажираност и придонесува кон нивниот целосен академски и професионален развој, како и кон одржување на академскиот интегритет и квалитетот на студиските програми.

**Прилози**
Прилог 3.4 А - Правилник за единствени правила за студирање
Прилог 3.4 Б - Елаборати
Прилог 3.4 В - Увид во gradebook на платформа IAMNEXT
Прилог 3.4 Г - Guidelines and Procedures for professors

| | |
|---|---|
| 3.5. Критериумите и методите на вреднување и оценување на студентите се однапред објавени и познати. | Линк до веб страна или друг документ во кој се опишани критериумите и методите на вреднување и оценување. |

Критериумите и методите на вреднување и оценување на студентите на СВСШ Бреинстер Некст се јасно дефинирани, однапред објавени и лесно достапни за сите студенти. Во елаборатите на студиските програми – Софтверско инженерство и иновации и Примена на информациски технологии – дигитален дизајн и интерактивни технологии – детално се уредени сите аспекти поврзани со начинот и видовите на оценување, вредноста на тежинскиот фактор (пондерот) на поединечните елементи и критериумите за добивање конечна оценка (Прилог 3.5 А). На веб-страницата на установата е објавен Правилникот за единствени правила за студирање, кој ги уредува критериумите и методите на вреднување и оценување на студентите. (Прилог 3.5 Б). Дополнително се изработени Упатства за организирање и одржување на испитни сесии за секоја студиска програма, со цел да се обезбеди конзистентност, стандардизација и транспарентност во достапноста на информациите за сите студенти, објавени на веб-платформата на институцијата (Прилог 3.5 В). Со ваквата јасна регулатива и достапност на информации, СВСШ Бреинстер Некст обезбедува транспарентност, предвидливост и фер пристап во процесот на вреднување и оценување на постигнувањата, при што студентите навремено се информирани за сите релевантни критериуми и очекувања уште пред почетокот на секој предмет и испитна сесија.

**Прилози**
Прилог 3.5А елаборатот на студиска програма софтверско инженерство и иновации и во елаборатот на студиската програма Примена на информациски технологии - Дигитален дизајн и интерактивни технологии
Прилог 3.5 Б Правилник за единствени правила за студирање (линк до веб страна)
Прилог 3.5 В Упатство за организирање и одржување испитни сесии на Софтверко инженерство и Упатство за организирање и одржување испитни сесии на примена на информациски технологии - дигитален дизајн и интерактивни технологии

| | |
|---|---|
| 3.6. Оценувањето им овозможува на студентите да го демонстрираат степенот на постигнати резултати од учењето. Студентите добиваат повратни информации кои, по потреба се поврзани со совети за понатамошниот процесот на учење. Оценувањето се спроведува доследно и праведно за сите студенти, во согласност со постојните процедури. Резултатите ги исполнуваат очекуваните исходи од учењето. Начинот на оценување е прилагоден на целите на предметите. Каде што е возможно, оценувањето се спроведува од страна на повеќе испитувачи. | Просечни оцени постигнати од студентите по предмет за сите студиски програми, по академска година за последните пет години (доколку е применливо);<br>Информација за начинот за доставување на повратни информации до студенти во делот на оценувањето;<br>Конкретни примери на иновативни пристапи во оценувањето;<br>Примери на предмети каде оценувањето се спроведува од повеќе испитувачи. |

Установата применува конзистентен и правичен систем за оценување, кој е усогласен со очекуваните исходи од учењето и прилагоден на целите на секој предмет. Критериумите и методите на оценување се однапред дефинирани во силабусите и елаборатите на студиските програми, и јавно достапни преку Правилникот за единствени правила за студирање. Оценувањето се реализира преку различни алатки – тестови, проекти, вежби и презентации – со цел да се овозможи реална проценка на знаењата и вештините на студентите. Преку платформата IAMNEXT се обезбедува транспарентност и редовна комуникација со студентите. Секој студент има право на увид во своите резултати и добива повратна информација со можност за насоки за понатамошно унапредување. За систематско следење на успешноста и постигнувањата, преку IAMNEXT платформата редовно се генерираат податоци за просечната оценка по предмет, кои се анализираат од страна на академските органи. Во Прилог 3.6 А е прикажан компаративен преглед на просечните оценки за сите активни предмети во последните три академски години. Овие податоци служат како индикатори за квалитетот на наставата и за можностите за подобрување на пристапот во оценувањето и наставниот процес. Иако главно оценува еден предавач, практичниот дел од наставата е поддржан од индустриски стручњаци, чии повратни информации се земаат предвид. Во наредниот период е планирано формализирање на нивната вклученост во процесот на оценување.

**Прилози**

Прилог 3.6 А <u>Табеларен приказ на оцени за последните 3 академски години</u>

| | |
|---|---|
| 3.7. Во установата постои формална процедура за жалба вклучувајќи и пријава на корупција од студентите на сите видови на студии. Системот е функционален и ефикасен. | Акт во кој е регулирана постапката по жалба од студентите;<br>Акти за спречување на корупцијата на установата;<br>Приказ на поднесени жалби на студенти вклучувајќи и пријави на корупција во последните пет години со процент на позитивно и негативно решени жалби;<br>Приказ на пријави на корупција во установата. |

СВСШ Бреинстер Некст има воспоставен функционален, ефикасен и транспарентен систем за поднесување жалби и поплаки од страна на студентите, вклучително и постапки за внатрешно пријавување на корупција. Овие процеси се уредени со јасно дефинирани и јавно достапни интерни акти, во согласност со националната регулатива и стандарди за заштита на правата на студентите. Процедурата за поднесување жалби е регулирана со Правилникот за поднесување поплаки и жалби од студенти (Прилог 3.7 А). Студентите се охрабруваат најпрво да се обратат неформално до одговорното лице, а доколку проблемот не се реши,

| |
|---|
| имаат можност за формално обраќање. Секоја жалба се евидентира и се разгледува од страна на Комисијата за жалби, со јасно утврдени рокови и можност за понатамошна постапка до управата или наставничкиот совет, со цел обезбедување на правичност и навременост во постапувањето. Во однос на пријавувањето на корупција, институцијата има воспоставено посебна процедура преку Правилник за работа на овластеното лице за прием на пријави за корупција (Прилог 3.7 Б), со назначено овластено лице и заштита на анонимноста на лицето кое ја пријавува неправилноста. Во изминатите академски години не се евидентирани формални жалби, ниту пријави за корупција, што укажува на високо ниво на доверба во институционалните механизми и културата на отчетност и интегритет во работењето. |
| **Прилози**<br>Прилог 3.7 А Правилникот за поднесување поплаки и жалби од студенти<br>Прилог 3.7 Б Правилник за работата на овластеното лице за прием на пријави на корупција |

**Стандард 4**

| СТАНДАРД 4: ЗАПИШУВАЊЕ И НАПРЕДУВАЊЕ НА СТУДЕНТИТЕ, ДИПЛОМИ И СЕРТИФИКАТИ | |
|---|---|
| **ИНДИКАТОР** | **ДОКУМЕНТАЦИЈА** |
| 4.1. Високообразовната установа соодветно ги спроведува однапред утврдените и објавени прописи кои ги покриваат сите фази на студирањето, т.е. запишувањето, напредувањето за време на студиите, дипломата и сертификатите. Прописите се јавно достапни. | Акт во кој е регулирано прашањето; Линк до веб страна на објавата. |

СВСШ Бреинстер Некст има воспоставена правна рамка која целосно ги опфаќа сите фази од студентскиот циклус – од запишување, академски напредок и испитни постапки, до завршување на студиите и издавање на диплома и сертификати. Сите прописи се детално разработени во согласност со Законот за високо образование и Статутот на Бреинстер Некст и истите доследно се спроведуваат и се јавно достапни преку централизирана онлајн платформа (https://next.edu.mk/akti/).
Регулативата ги опфаќа следните акти:

- Статут на Бреинстер Некст - со кој како основен документ се поставува генералната рамка на регулативата (Прилог 4.1А)
- Правилник за условите за запишување на прв циклус стручни студии (Прилог 4.1 Б) – со кој се уредуваат критериуми за прием, потребна документација, рокови и постапка за запишување;
- Правилник за единствени правила за студирање (Прилог 4.1 В) – со кој се уредуваат услови за академски напредок, форми на евалуација, академски статус, прекин и продолжување на студии;
- Правилник за регистрирање на предмети (Прилог 4.1 Г) – уредува критериуми за избор и регистрација на задолжителни и изборни предмети;
- Правилник за организирање и одржување на испитни сесии (Прилог 4.1 Д) – со кој се уредени сите видови испитни рокови, организација, динамика, услови за полагање, оценување и објавување резултати;

- Упатство за изработка на дипломска работа (Прилог 4.1 Ѓ) – со кое се уредуваат критериуми и услови за подготовка, презентација, оценување и административна процедура;
- Правилник за кредити и признавање на кредити (ЕКТС) (Прилог 4.1 Е) – обезбедува усогласеност со европските стандарди, транспарентност во оптоварувањето и напредувањето на студентите.

Како дополнителна мерка за информирање, на почетокот на секоја академска година се организира ориентациска недела за новозапишаните студенти, кадешто тие добиваат Водич за студирање (Прилог 4.1 Ж) со што се обезбедува нивно целосно запознавање со правата, обврските и процедурите поврзани со студирањето. Покрај интерните акти кои ги уредуваат соодветните процеси, службата за студентски прашања секојдневно обезбедува поддршка на студентите и соодветно ги покрива сите административни процеси.

**Прилози**
Прилог 4.1 А Статут на Бреинстер Некст
Прилог 4.1 Б Правилникот за условите за запишување на прв циклус стручни студии
Прилог 4.1 В Правилникот за единствени правила за студирање
Прилог 4.1 Г Правилникот за регистрирање на предмети
Прилог 4.1 Д Правилникот за организирање и одржување на испитни сесии
Прилог 4.1 Ѓ Упатството за изработка на дипломска работа
Прилог 4.1 Е Правилникот за кредити и признавање на кредити
Прилог 4.1 Ж Водич за студирање

| | |
|---|---|
| 4.2. Установата има развиено функционална постапка и/или алатки за собирање и следење и за напредок на студентот и делува врз основа на добиените информации. | Информација за постоење на соодветни алатки за следење на напредокот на студентот;<br>Доказ дека системот е функционален. |

СВСШ Бреинстер Некст има воспоставено функционален, интегриран и усогласен механизам за систематско евидентирање и следење на академскиот напредок на студентите, во согласност со Правилникот за чување на студентски досиеа (Прилог 4.2 А). Основата на системот ја претставува Матичната книга на запишани студенти, која содржи податоци за секој студент од моментот на запишување, а се води и во материјална и во електронска форма. Почнувајќи од академската 2024/2025 година, со првите дипломирани студенти ќе започне да се води евиденција на Главна книга на дипломирани студенти, со што ќе се заокружи регистарскиот систем за следење на академскиот тек од студиите. Секој студент располага со индивидуален профил во IAMNEXT платформата – дигитално студентско досие кое обезбедува целосен преглед на регистрираните и положени предмети, освоени ЕКТС кредити, оценки, известувања од предметите, како и пристап до академски и административни сервиси. Платформата овозможува увид во напредокот во реално време, транспарентна комуникација и ефективна поддршка на академскиот развој (Прилог 4.2 Б). Паралелно, за секој студент се води и физичко досие во архивата на установата согласно со член 5 од Правилникот за чување на студентски досиеа, кое ги содржи сите клучни документи од значење за академскиот статус и административната историја. Функционалноста на системот се обезбедува преку: континуирано ажурирање на податоците на IAMNEXT, редовен пристап на студентите до нивните досиеја и оценки, оперативна административна поддршка од академската служба и студентскиот координатор. Врз основа на анализите и податоците од системот, институцијата презема конкретни мерки, како што се: индивидуални советувања и менторска поддршка за студенти со забележан пад во напредокот, адаптација на наставните методи и дополнителни консултации за предмети со висок процент на неположеност, поттикнување на академски одличните студенти преку вклучување во напредни проекти и програми, подобрување на административните постапки врз основа на идентификувани потреби. На овој начин, системот не само што обезбедува транспарентно и целосно следење

на студентскиот напредок, туку и овозможува навремена, насочена и ефективна институционална интервенција.

**Прилози**

Прилог 4.2 А Правилник за чување на стуентски досиеа

Прилог 4.2 Б Увид во студентско досие на платформа ИАМНЕКСТ (Линк до студентско досие на платформата)

| | |
|---|---|
| 4.3. Високообразовната установа има развиено постапка за признавање на периодите на студирање и претходно учење, што вклучува и признавање на неформалното и формалното учење, на студентите за време на студиите, вклучувајќи и за време на мобилноста на студентите. | Акт во кој е регулирано прашањето;<br>Листа на студенти на кои им е признато неформалното и формалното учење вклучувајќи и за време на мобилноста, за последните пет години. |

Високообразовната установа Бреинстер Некст Скопје има воспоставено јасно дефинирани процедури за признавање на претходно стекнато знаење, периоди на студирање и кредити, која целосно ги опфаќа формалното, неформалното и информалното образование, како и периодите на студирање реализирани во рамки на мобилност на студентите. Основата на овој процес е утврдена преку Правилникот за кредити и признавање на кредити (Прилог 4.3 А), со кој детално се уредуваат критериумите, процедурите и надлежностите во процесот на признавање. Со овој акт се уредува:

- начинот на пресметка, добивање и споредба на кредити врз основа на Европскиот систем за трансфер на кредити (ЕКТС), во согласност со Болоњската конвенција,
- признавање на кредити стекнати на други високообразовни институции во земјата и странство, доколку институцијата е акредитирана, а предметните програми се компатибилни со програмите на Бреинстер Некст;
- постапка за признавање на кредити при трансфер на студенти, која започнува со писмено барање и приложена официјална документација (транскрипти, програми, уверенија);
- надлежност на ЕКТС координаторите, академскиот координатор и директорот во процесот на евалуација и донесување на одлука;
- правила за признавање кредити на дипломирани кандидати кои повторно се запишуваат на прв циклус студии, при што може да им се признаат предмети до 60% од претходно освоените ЕКТС;
- услови за признавање кредити на странски студенти, како и издавање официјални потврди за положени предмети;
- механизми за усогласување на кредити стекнати во други системи на оценување со ЕКТС системот.

Овој процес гарантира транспарентност, фер постапка и академски интегритет при признавање на претходното формално образование и периоди на студирање, како и поддршка на мобилноста на студентите. Сите признати кредити се документираат во студентското досие, што гарантира интегритет, конзистентност и следливост на академските записи. Во изминатите три академски години, институцијата има обработено поединечни барања за признавање на формално образование стекнато на други акредитирани високообразовни институции во земјата, согласно Правилникот (Прилог 4.3 Б). Иако Бреинстер Некст располага со Еразмус+ Чартер, до овој момент не се реализирани студентски мобилности во рамки на меѓународна размена, бидејќи процесот за обезбедување на финансиска поддршка од Националната агенција сеуште не е финализиран. Со тоа, во изминатиот период не се поднесени барања за признавање кредити стекнати преку мобилност.

Со цел дополнително да се зајакне системот, институцијата има усвоено Упатство за постапката за воспоставување на соработка со Бреинстер Некст Скопје и Правилник за организирање на програми за стручно и професионално усовршување (Прилог 4.3 В и 4.3 Г). Преку овие два акта, институцијата обезбедува сеопфатен систем за признавање на формалното, неформалното и информалното учење, во согласност со европските стандарди и националните регулативи. Со ова дополнување, постојниот систем е значително унапреден и усогласен со современите европски практики во доменот на поддршка на мобилноста, признавање на претходно учење и концептот на доживотно образование. На студентите им се овозможува: континуитет во образованието и академскиот развој, флексибилност во студирањето, фер и транспарентна постапка за признавање на претходни знаења и искуства и гаранција за квалитет и интегритет на академските квалификации.

**Прилози**

Прилог 4.3 А Правилник за кредити и признавање на кредити
Прилог 4.3 Б Табела со податоци за признаени кредити на студенти
Прилог 4.3 В - Упатство за воспоставување соработка со бреинстер Некст
Прилог 4.3 Г Правилник за организирање на програми за стручно и професионално усовршување

| | |
|---|---|
| 4.4. По завршувањето на студиите, студентите добиваат документација која ја појаснува стекнатата квалификација, компетенции и резултати од учењето, степенот, содржината и статусот на успешно завршените студии. Документација е јасна, разбирлива и сеопфатна. | Диплома, уверение и додаток на диплома |

Институцијата Бреинстер Некст обезбедува јасно дефинирана и усогласена документација што студентите ја добиваат по завршувањето на студиите, со цел да се потврди нивниот образовен и професионален статус. Согласно член 155 од Законот за високо образование како и Правилникот за содржината и формата на дипломата, упатството за подготовка на додаток на дипломата и на другите јавни исправи (Прилог 4.4.А), детално се утврдени формата и содржината на јавните исправи кои се издаваат по успешно завршување на студиската програма. Во таа насока, студентите на Бреинстер Некст добиваат три вида документи:

- Диплома, со која официјално се потврдува завршувањето на студиите и стекнатото образование,
- Уверение, во кое се наведени сите положени испити и освоени кредити,
- Додаток на диплома, кој обезбедува детално објаснување на студиската програма, стекнатите квалификации, компетенции и постигнатите резултати од учењето.

Документацијата е јасна, транспарентна и сеопфатна, овозможувајќи целосен преглед на степенот на образование, содржината на студиите и професионалниот статус на студентот. На овој начин, Бреинстер Некст обезбедува усогласеност со законските и подзаконските акти и гарантира препознатливост и признатливост на издадените квалификации.

**Прилози**

Прилог 4.4 А Правилник за содржината и формата на дипломата, упатството за подготовка на додаток на дипломата и на другите јавни исправи

## Стандард 5

**СТАНДАРД 5: НАСТАВЕН КАДАР**[3]

| ИНДИКАТОР | ДОКУМЕНТАЦИЈА |
|---|---|
| 5.1. Високообразовната установа обезбедува компетентен наставен кадар за реализација на студиските програми. Квалификациите на наставниот кадар вклучен во изведувањето на студиските програми се соодветни на профилот и концептот на студиите како и на предвидените наставни предмети. | Биографии на ангажираниот наставен кадар на сите студиски програми во Europass формат (со информации за последните пет години, информации за профилот вклучувајќи завршени циклуси на студии и стекнато звање, податоци за остварена научноистражувачка работа и резултати);<br>Одлуки за избор во звање;<br>Преглед на предмети кои кадарот го предавал во изминатите пет години на сите циклуси на студии на установата (прикажан поединечно и по азбучен ред на презимето на вработеното/ангажираното лице). |

Во академската 2024/2025 година, наставниот кадар на Бреинстер Некст Скопје го сочинуваат вкупно 14 предавачи, ангажирани за реализација на наставата на студиските програми на прв циклус стручни студии по Софтверско инженерство и иновации и Примена на информациски технологии – Дигитален дизајн и интерактивни технологии.

Наставниот кадар главно е составен од наставен кадар избран во наставно звање предавачи и надворешни соработници ангажирани како стручњаци од практиката кои имаат долгогодишно искуство во индустријата, што овозможува современа, применлива и практично ориентирана настава. Во академските години 2021/2022 и 2022/2023, бројот на предавачи изнесувал 10, имајќи предвид дека се реализираше само една студиска програма на прв циклус студии. Квалификациите на предавачите се целосно усогласени со профилот, концептот и целите на студиските програми, а нивниот избор е извршен во согласност со критериумите за избор од Законот за високо образование и внатрешните акти на институцијата, и согласно со научната област на академските и стручните компетенции на наставникот. Имајќи предвид дека се работи за релативно млада институција, сеуште не е

[3] Се однесува на лицата избрани во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања, кои вршат високообразовна дејност.

поминат временскиот период во кој треба да се започне постапка за избор во повисоки наставни звања на постојниот наставен кадар.

Покрај редовно ангажираните предавачи, во наставата активно се вклучуваат и гостински предавачи и индустриски експерти, кои придонесуваат за унапредување на практичната компонента и зајакнување на врската помеѓу академијата и индустријата.

Во Прилог 5.1.А се доставени биографиите на наставниот кадар со податоци за образованието, академското и професионалното искуство, учеството во стручни проекти од индустријата и активностите реализирани во последните пет години.

Во Прилог 5.1.Б се приложени одлуките за избор во наставно звање, согласно постапката за избор утврдена во Законот за високо образование и внатрешните процедури на институцијата.

Во Прилог 5.1.В е даден преглед на предметите што секој предавач ги реализирал во последните три академски години, поединечно и по студиска програма, со што се обезбедува транспарентност и конзистентност во реализацијата на наставниот процес.

**Прилози**
Прилог 5.1 А - Биографии на Наставнички кадар
Прилго 5.1 Б - Одлуки за избор во звање
Прилог 5.1 В - Преглед на реализирани предмети - препраспределба на предмети по академски години

| | |
|---|---|
| 5.2. Објавените трудови на наставниот кадар во референтни научните публикации во последните 5 години се релевантни и придонесуваат во развојот на квалитетни студии односно научната област. | Преглед на бројот на објавени трудови во референтни научни публикации (согласно чл.2 т.21 од ЗВО) на наставниот кадар во последните пет години прикажан групиран по категории предвидени во чл. 2. т.21 (А-Ѓ) од ЗВО. За секоја категорија се презентираат резултатите по азбучен ред на презимето на вработеното/ангажираното лице како и вкупниот број трудови за високообразовната установа;<br>Листа на објавени трудови во референтни научни публикации со линк до публикацијата/трудот. |

Во изминатите три академски години , наставниот кадар на Приватната високообразовна установа Самостојна висока стручна школа „Бреинстер Некст" Скопје континуирано придонесува кон развојот на квалитетни студии преку унапредување на своите стручни и научни компетенции. Овој придонес се реализира преку објавување научни трудови во референтни меѓународни списанија, како и преку учество во научно-истражувачки проекти и публикации поврзани со научните области во кои институцијата е акредитирана. Во согласност со Законот за високо образование, објавените трудови се категоризирани согласно член 2, точка 21 (А–Ѓ), при што најзастапени се категориите А и Б, кои опфаќаат трудови објавени во меѓународни научни списанија со импакт фактор и рецензирани трудови презентирани на конференции со меѓународен уредувачки одбор. Во наведениот период, наставниот кадар на Бреинстер Некст има вкупно 26 научни трудови и учества, од кои: 6 трудови се објавени во меѓународни научни списанија со импакт фактор (категорија А),17 трудови се презентирани на меѓународни конференции (категорија Б),3 трудови се презентирани на домашни конференции со рецензија (категорија В).

Следните трудови се објавени во референтни меѓународни списанија (категорија А) од областа на вештачка интелигенција, невронаука, образовни технологии и применета

математика, што е директно поврзано со студиските програми и предметите што се реализираат во установата :

- Петар Јолакоски, Chaos, Solitons & Fractals (Elsevier), 2023
- Петар Јолакоски, Mathematics (MDPI), 2023
- Даниел Трпески, Frontiers in Cellular Neuroscience, 2023
- Даниел Трпески, eLife, 2024
- Ивица Пешовски, Sustainability, 2024
- Ивица Пешовски, Computers and Education: Artificial Intelligence, 2025

Со ваквиот континуиран истражувачки ангажман, институцијата обезбедува пренос на современи научни сознанија и методолошки пристапи во наставата, поттикнува критичко и истражувачко размислување кај студентите, како и нивна подготвеност за применета работа во индустријата.

Во прилог на оваа точка се доставуваат:

Табела 5.2.А – Преглед на објавени трудови и учества на наставниот кадар во последните три академски години,

Прилог 5.2.Б – Список на научни трудови објавени во референтни списанија, со вклучени линкови до достапните публикации.

**Прилози**
Прилог 5.2 А - Преглед на објавени трудови, научни трудови и учества на наставниот кадар во последните три академски години
Прилог 5.2 Б -Научни трудови во референтни списанија, со вклучени линкови до достапните публикации

| | |
|---|---|
| 5.3. Оптоварувањето на кадарот во делот на наставата е балансирано. Наставниот кадар се ангажира согласно законските одредби. Бројот на часови на наставниот кадар на годишно ниво е соодветен за реализација на квалитетна настава. | Преглед на бројот на одржаните часови на наставниот кадар и предметите кои ги предавале на сите циклуси на студии (прикажан поединечно и по азбучен ред на презимето на вработеното/ангажираното лице за сите циклуси на студии (прв, втор и трет циклус на студии, доколку е применливо). *Се води сметка за примената за чл.161 ст. 9 и 10 од ЗВО.*[4]; Одлуки за распоред на работи и работни задачи за сите циклуси на студии во последните пет години; Извештаи за спроведена настава за сите циклуси на студии во последните пет години (доколку е применливо); Доказ дека на установата има најмалку 10 лица во наставно-научни звања во работен однос со полно работно време. |

При планирањето на наставниот процес, распоредот на часови и распределбата на предметите се изработуваат внимателно со цел оптимално ангажирање на секој предавач.

[4] Лицето избрано во наставно-научно и наставно звање во текот на еден семестар од учебната година може да врши предавање по најмногу четири наставни предмети на прв циклус на студии, на еден или на повеќе универзитети и најмногу четири наставни предмети на втор циклус на студии, на еден или на повеќе универзитети.

Покрај редовниот наставен кадар, во наставата се вклучуваат и стручњаци од практика и индустриски експерти, кои преку лабораториски задачи, проекти, студии на случај и гостински предавања ја збогатуваат практичната компонента на наставниот процес. Работата на наставниот кадар е дополнително уредена со Распоредот на работни задачи (Прилог 5.3.Б), кој ги дефинира наставните, административните и менторските активности. Академскиот кадар има минимално академско оптоварување од 20 часа неделно, кое ги опфаќа сите активности поврзани со подготовка, изведба и евалуација на наставата, консултации со студенти, проектна работа и учество во институционалните тела. Во академската 2024/2025 година, сите предавачи и ангажирани стручњаци се распределени во рамки на законски дозволениот обем. Ваквата организација обезбедува ефикасна распределба на работните обврски, континуитет и квалитет во наставниот процес, како и усогласеност со законските норми и внатрешните акти на институцијата.

Во прилог на оваа точка се доставуваат:

Прилог 5.3.А – Преглед на предметите, часовниот фонд и студиската програма за секој предавач и стручњак во последните три академски години;

Прилог 5.3.Б – Одлуки за распределба на работни задачи по академски години, усвоени од Наставничкиот совет;

Прилог 5.3.В – М1/М2 пријави за сите предавачи и стручњаци, како доказ за нивниот ангажман и усогласеност со законските одредби.

Со оваа организација, Бреинстер Некст обезбедува дека наставниот кадар работи во целосна согласност со законските прописи, а истовремено се гарантира дека оптоварувањето е балансирано, функционално и поддржува реализација на квалитетна настава.

**Прилози**

Прилог 5.3 А - <u>Преглед на распределба на предмети по академска година</u>
Прилог 5.3 Б - <u>Одлуки за распределба на работни задачи</u>
Прилог 5.3 В - <u>м1/м2 пријави на предавачи</u>

| | |
|---|---|
| 5.4. Високообразовната установа има јасни, транспарентни и праведни процеси на вработување, преку услови за работа со кои се препознава важноста од наставната работа. Процесот се базира на академските квалификации и заслуги и нуди еднакви можности за сите кандидати. Праксата на установата кореспондира со утврдените критериуми. | Акт на установата (на пример, Правилник за избор во наставно – научни звања кој се применува или друг акт во кој е регулирана постапката и критериумите за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања);<br>Преглед на лица избрани во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања (со преглед на број на пријавени кандидати, број на избрани кандидати и број на лицата кои не се избрани за сите конкурси во последните пет години).<br>Линк до Билтен во кои се објавени рецензии за избор на наставниот кадар со број на страна. |

СВСШ „Бреинстер Некст" – Скопје применува јасна, транспарентна и праведна постапка за избор во наставни, наставно-стручни и соработнички звања, уредена со Законот за високо образование и Правилникот за критериумите, општите и специфичните услови и постапката за избор во звања на институцијата. (Прилог 5.4.А). Постапката е заснована на академски квалификации и заслуги, ги почитува начелата на еднакви можности и недискриминација, и обезбедува интерна и јавна транспарентност во сите нејзини фази.

Постапката за избор се спроведува согласно член 171-179 од Законот за високото образование и започнува со иницирање на конкурс, на предлог на директорот, Наставничкиот совет донесува одлука за распишување јавен конкурс за избор на наставници во сите наставни звања во соодветна област (чл. 13–14). Конкурсот содржи јасно дефинирани услови и критериуми за избор, за областа, видот на ангажманот, потребните квалификации, роковите и документацијата. Постапката се спроведува во рок од најмногу шест месеци од денот на објавување на конкурсот. Наставничкиот совет формира рецензентска комисија од три члена со звање не пониско од звањето за кое се избира кандидатот (чл. 18–21). Комисијата изготвува реферат за сите пријавени кандидати со образложен предлог за избор, врз основа на кој Советот донесува одлука за избор во наставно звање.(Прилог 5.4.Б и 5.4.В).

Во насока на поттикнување на практично ориентирана настава, институцијата може да ангажира истакнати стручњаци од индустријата и уметници за изведување на определени наставни содржини, согласно член 181 од Законот за високо образование. Овој ангажман се реализира во координација со носителот на предметот и во рамки на законските ограничувања, при што се гарантира квалитет и усогласеност на наставниот процес.

Критериумите за избор опфаќаат: ниво на образование, педагошки компетенции, научно-истражувачки и/или стручно-апликативни резултати, како и релевантно професионално искуство. Конкурсите се јавни и достапни за сите кандидати што ги исполнуваат условите, а постапката вклучува повеќестепена проверка и јавност на документите со цел спречување на пристрасност и обезбедување правична селекција.

Со оваа нормативна и институционална рамка, „Бреинстер Некст" обезбедува меритократски и транспарентни процеси на избор, засновани на јасни критериуми, утврдени рокови и јавност на одлуките, при што се гарантира еднаков пристап за сите кандидати и се препознава наставната дејност како клучна компонента на мисијата на институцијата.

**Прилози**

Прилог 5.4 А - <u>Правилник за избор во звање</u>

Прилог 5.4 Б - <u>Табеларен приказ на лица избрани во звање во последните три академски години</u>

Прилог 5.4 В - <u>Приказ на Билтени во кои се објавени рецензиите и изборот на наставниот кадар</u>

| | |
|---|---|
| 5.5. Установата има развиено постапка за обезбедување на соодветни работни услови за наставниот кадар. Кадарот располага со соодветна информатичка опрема, пристап до релевантни електронски бази од областа/студиската програма, соодветни просторни услови како и други ресурси релевантни за нивната работа. | Акт на установата или друг акт во кој е регулирано обезбедувањето на соодветни работни услови за наставниот кадар;<br>Попис на функционална информатичка, лабораториска и др. вид на опрема во установата;<br>Попис на информатичка, лабораториска и др. вид на опрема во установата, обезбедена во последните пет години (со вредност на опремата и изворот на финансирање); Преглед на релевантни електронски бази од областа/студиската програма до кои е обезбеден пристап во установата;<br>Преглед и опис на просторни услови за реализација на студиските програми. |

СВСШ Бреинстер Некст обезбедува соодветни просторни, технички и ИКТ ресурси кои овозможуваат реализација на наставниот процес, поддршка на студентите и континуирана професионална активност на наставниот кадар. Обврските и стандардите се регулирани преку одредби во Статутот (Прилог 5.5 А), кои ја дефинираат одговорноста за обезбедување на минимални услови за работа на наставници и студенти, како и преку годишен оперативен план

за техничко одржување и ИТ-поддршка што ги утврдува роковите, одговорностите и сервисните нивоа во соработка со ИТ-службата.
Наставата и административните активности на СВСШ Бреинстер Некст се реализираат на четири локации во општина Центар – Скопје, со вкупна површина од 1.929 м², целосно обезбедени преку закуп. Објектите на ул. „Васил Ѓоргов“ 19, ул. „Костурски Херои“ 28, ул. „Фјодор Достоевски“ б.б. и ул. „Васил Ѓоргов“ 19А се функционално распределени и опремени за потребите на студиските програми и административните служби. Вкупно се располага со 20 предавални, 6 лаборатории и 13 професорски кабинети, како и со дополнителни простории за административна и студентска поддршка. Сите предавални се опремени со современи аудиовизуелни средства, приклучоци за мрежа и струја, стабилна интернет конекција и можност за реализација на традиционална, хибридна или целосно онлајн настава. Лабораториите се специјализирани за активности од областа на програмирањето, мултимедија, видео продукција, роботика и визуелизација. Доказ за обезбедените просторни услови се договорите за закуп на објектите (Прилог 6.2.Б).

ИКТ и лабораториската опрема што ја поседува институцијата овозможува непречено одвивање на редовната, практичната и проектната настава. Се располага со стандардна компјутерска и мултимедијална опрема, аудио и видео уреди за снимање и емитување, микрофони, осветлување, лабораториски сетови и опрема за експериментални демонстрации, како и со мрежна и печатарска инфраструктура. Опремата се одржува согласно редовен план и се евидентира во Пописната листа на опрема (Прилог 6.2.В). Во последните години континуирано се инвестира во набавка и обновување на ИКТ и лабораториска опрема, финансирани исклучиво од сопствени приходи на институцијата.
Наставниците и студентите имаат пристап до повеќе електронски и физички библиотечки ресурси кои ја поддржуваат наставата и истражувачката работа. Во рамки на институцијата функционира електронска библиотека (library.next.edu.mk) со задолжителна и дополнителна литература по предмети, достапна преку платформата IAMNEXT, во која се интегрирани наставните материјали, оценувањата и известувањата (Прилог 6.2.Г). Дополнително, обезбедено е институционално членство во ЈУ Градска библиотека „Браќа Миладиновци“ – Скопје, потврдено преку Договор за соработка (Прилог 6.2.Д – Договор за соработка со ЈУ Градска библиотека „Браќа Миладиновци“ – Скопје).
Наставниот и административниот процес се потпираат на интегрирана ИКТ-платформа IAMNEXT, која обезбедува дигитална училница, материјали за учење, огласна табла и онлајн известувања за студентите. Платформата овозможува хибридна настава и континуирана комуникација со студентите, а ИТ-службата на институцијата обезбедува техничка поддршка, превентивно и тековно одржување, следење на опремата и нејзин животен циклус, во согласност со дефиниран SLA (Прилог 6.2.Ѓ)

**Прилози**
Прилог 5.5 А - Статут на Бреинстер Некст
Прилог 5.5 Б - Договори за закуп
Прилог 5.5 В - Пописна листа на опрема
Прилог 5.5 Г - Електронска библиотека
Прилог 5.5 Д - Договор за соработка со УБ Браќа Миладиновци
Прилог 5.5 Ѓ - Иам Некст платформа

| | |
|---|---|
| 5.6. Установата нуди можности за професионален развој на наставниот кадар и постојано да го мотивира; редовно организира обуки/тренинзи за наставниот кадар во функција на развој на проактивни и иновативни методи за настава, за нивните педагошки и технички вештини Установата редовно ги следи техничките вештини на наставниот кадар. | Акт на установата или друг акт во кој е регулиран професионалниот развој на наставниот кадар.<br>Листа на обуки/тренинзи за наставниот кадар во функција на развој на проактивни и иновативни методи за настава реализирани во последните пет години и финансирани од установата со листа на учесници и програма;<br>Листа на обуки обуки/тренинзи за наставниот кадар во функција на развој на проактивни и иновативни методи за настава реализирани во последните пет години финансирани од други установи/институции/организации со листа на учесници и програма .<br>Конкретни примери и резултати, најдобри практики на мотивирање на наставниот кадар во последните пет години;<br>Извештај/анализа за техничките вештини на наставниот кадар (доколку е применливо). |

Во согласност со Статутот на Приватната високообразовна установа Самостојна висока стручна школа „Бреинстер Некст" Скопје, наставниот и соработничкиот кадар има право и обврска на континуирано стручно и научно усовршување. Институцијата обезбедува системска организациска, логистичка и програмска поддршка за професионален развој, во насока на унапредување на квалитетот на наставата и подигање на академската и меѓународната видливост. Професионалниот развој е интегриран во Стратешка цел 3: Интензивирање на интернационализацијата и градење на меѓународна препознатливост и Стратешка цел 5: Зајакнување на институционалните капацитети и обезбедување на одржлив развој, предвидени со Програмата и Стратегијата за развој на Бреинстер Некст (2025–2028). Во рамките на овие цели, институцијата ги планира следните активности:

- активно искористување на Еразмус+ програмата за зголемување на дојдовната и појдовната мобилност на студенти и кадар;

- воспоставување на стратешки партнерства со сродни високообразовни институции од Европа и пошироко;

- поттикнување на учество на наставниот кадар и студентите на меѓународни конференции, натпревари и проекти, со цел унапредување на академската соработка и видливост;

- развивање на нови студиски програми и предмети на англиски јазик со цел привлекување странски студенти и академски кадар со меѓународно искуство;

- спроведување активности за развој на човечките ресурси преку план за академско напредување на наставниот кадар и континуирана обука на административниот кадар.

Во таа насока, „Бреинстер Некст" активно поттикнува учество на наставниците во меѓународни проекти, академски програми и професионални конференции. Овие активности се координираат со поддршка од основачот „Бреинстер", преку тимот за меѓународна соработка и развој на проекти, кој идентификува можности за аплицирање, воспоставува партнерства со странски институции и обезбедува административна и техничка поддршка за вклучување на наставниците во овие иницијативи. Овој систем е формално уреден со Одлуката за координација и поттикнување на професионален развој на наставниот кадар (Прилог 5.6.Б).Континуираната размена на знаења и добри практики се поттикнува и на институционално ниво преку редовни состаноци на наставниот колегиум, каде се презентираат нови педагошки методи, пристапи кон оценување и технолошки решенија во наставата. Мотивирањето на наставниот кадар се реализира преку учество во заеднички проекти, јавна промоција на постигнувањата, признанија за наставни иновации и активна вклученост во хакатони, стартап програми и проектни натпревари. Преку концептот на дуално образование и

тесна соработка со индустријата, наставниците се поттикнуваат да развиваат практично применливи наставни модели, со што се зајакнува нивниот професионален и личен развој, како и вкупниот институционален капацитет за обезбедување квалитет. Во изминатите академски години (2022–2025), наставниците на „Бреинстер Некст" остварија значајна академска и меѓународна видливост преку учества и публикации на конференции и во списанија, меѓу кои:

- д-р Ивица Пешовски – учества и публикации на конференции INTED2025, EDULEARN24, ICERI2022, INTED2023, и списанија Computers and Education: Artificial Intelligence и Sustainability;

- м-р Петар Јолакоски – трудови на Deutsche Physikalische Gesellschaft (Spring Meeting 2024, Берлин) и на 15-та Конференција на Друштвото на физичари на Македонија;

- м-р Даниел Трпевски – публикации во Frontiers in Cellular Neuroscience и eLife, учество на EMBO Workshop (Хајделберг, 2023);

- д-р Томи Бошковски – трудови презентирани на RSNA Annual Meeting (Radiological Society of North America, 2025) и ECTRIMS 2025.

што придонесе за унапредување на академскиот углед и интернационализацијата на институцијата (Прилог 5.6.В). Со оваа интегрирана рамка, „Бреинстер Некст" обезбедува континуирано унапредување на компетенциите и мотивацијата на наставниот кадар, во целосна усогласеност со стратешките цели на институцијата и современите стандарди за квалитет во високото образование.

**Прилози**

Прилог 5.6 А - Листа на проекти на кои Тимот за меѓународна соработка има аплицирано во последните 3 години

Прилог 5.6 Б - Одлука за координација и поттикнување на професионален развој на наставниот кадар

Прилог 5.6.В – Листа на учества на наставниот кадар на конференции, семинари и обуки 2022–2025

| | |
|---|---|
| 5.7. Установата ангажира визитинг наставници, афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката од земјата и странство во рамките на реализацијата на студиската програма. Нивниот профил е релевантен за студиската програма и носи додадена вредност. | Листа на визитинг наставници, афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката од земјата и странство во рамките на реализацијата на студиската програма (тип на ангажман, област/предмет и период) за последните пет години; Биографии на ангажираните визитинг наставници, афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката од земјата и странство во рамките на реализацијата на студиската програма на сите студиски програми (Europass формат). |

Во согласност со член 181 од Законот за високото образование, кој овозможува ангажирање на афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката, без оглед на исполнетоста на условите за избор во наставно-звање, по покана, за изведување настава за одделни делови од наставни предмети, Бреинстер Некст Скопје воспоставува систематски и транспарентен механизам за вклучување на вакви експерти во наставниот процес. Во рамките на Правилникот за критериумите, општите и специфични услови и постапка за избор во звања (Прилог 5.7.А), институцијата обезбедува нормативна основа за ангажирање стручњаци од практиката, визитинг наставници и афирмирани професионалци со релевантно искуство во областите поврзани со студиските програми. На овој начин се обезбедува висок степен на поврзаност помеѓу академското знаење и пазарните потреби, како и постојан трансфер на современи

знаења и индустриски практики кон студентите. Оваа активност е во целосна усогласеност со Стратешка цел 2: Зајакнување на врските со индустријата и постигнување максимална вработливост на дипломираните студенти, со посебен фокус на: проширување на мрежата на партнерски компании за реализација на пракси, реални проекти и менторство и зголемување на бројот на предмети кои се дизајнирани и/или изведувани во соработка со експерти од индустријата и Стратешката цел 5: Зајакнување на институционалните капацитети и обезбедување на одржлив развој, со која е предвиден развој на човечките ресурси и поттикнување на соработка со индустријата и академските партнери на национално и меѓународно ниво од Програмата и Стратегијата за развој на „Бреинстер Некст" (2025–2028). Ангажманот на стручњаците од практиката претставува интегрален дел од стратегијата за развој на наставата ориентирана кон компетенции, применливи знаења и реални работни сценарија. Преку вклучување на активни професионалци во наставата, студентите добиваат можност за директен увид во тековните процеси, технологии и предизвици во индустријата, а наставата се збогатува со студии на случаи, практични задачи и проектно-базирано учење и зголемување на поврзаноста помеѓу образованието и пазарот на трудот

Во изминатиот период (2022–2025), во наставниот процес беа ангажирани повеќе домашни и странски експерти и визитинг предавачи од академски институции и компании како: Johnson Matthey, Seavus, Cognism, Quantox Technology, Symphony.is (САД), Loka Inc. (Сан Франциско), Comtrade (Словенија), Ericsson (Шведска), NapNok Games (Холандија), Cognite (Норвешка), Merakzy, 42Dynamics, AirCare, Vertigo Visual, Preplet Design Studio, Nova International School, како и повеќе домашни дизајн и технолошки студија (KOMA Design Studio, Idea Plus, Digital Halo, Brainster).

Со ваквиот пристап, Бреинстер Некст обезбедува реализација на стратешките приоритети за подигање на квалитетот на наставата, развој на професионални компетенции кај студентите и засилување на нивната вработливост по дипломирањето. Листата на ангажирани стручњаци од практиката, со наведени области и периоди на ангажман, е приложена во Прилог 5.7.Б – Листа на стручњаци од практиката (2022–2025), заедно со нивните биографии во Europass формат.

**Прилози**
Прилог 5.7 А - Правилник за избор во звање
Прилог 5.7 Б - Листа на стручњаци од практиката, 2022–2025, и нивните биографии

| | |
|---|---|
| 5.8. Се поттикнува научна работа со цел да се зајакне поврзаноста меѓу наставата и науката. Системот добро функционира и е ефикасен. | Конкретни примери и резултати, најдобри практики. |

Иако е релативно млада институција во своето постоење, СВСШ „Бреинстер Некст" ја развива научно-истражувачката и стручно-апликативната дејност како составен и интегративен дел од наставниот процес, со цел поттикнување на аналитичко, критичко и иновативно размислување кај наставниот кадар и студентите. Иако институцијата сè уште нема воспоставено посебен центар или буџетска линија наменета исклучиво за научно-истражувачка дејност, систематски создава предуслови за професионален и академски развој на кадарот и за нивно активно вклучување во истражувачки активности со апликативна вредност. Поврзаноста меѓу наставата и стручно-апликативната дејност се реализира преку применети предметни истражувања, студии на случај, финални студентски проекти и развој на иновативни решенија применливи во реална средина. Во рамките на овие активности се применуваат современи методологии и се интегрираат резултати и сознанија кои произлегуваат од стручната и научната работа на наставниците, со што наставниот процес се надградува со искуствено и истражувачко учење.

Поттикнувањето на стручно-апликативната и научно-истражувачката работа се спроведува преку активна поддршка на учеството на наставниот кадар на меѓународни конференции,

семинари и проекти, во согласност со стратешката цел 13 од Стратегијата за развој на БН 2022/2025 и стратешка цел 3: Интензивирање на интернационализацијата и градење на меѓународна препознатливост од Програмата и Стратегијата за развој на „Бреинстер Некст" (2025–2028). Наставниците редовно учествуваат на конференции како INTED, EDULEARN, ICERI, RSNA Annual Meeting и EMBO Workshop, каде ги презентираат резултатите од својата работа и воспоставуваат академски партнерства. Стекнатите искуства и знаења потоа се пренесуваат во наставниот процес и придонесуваат за постојано унапредување на курикулумот и наставните практики. Во согласност со истата стратешка цел, институцијата охрабрува вклучување во меѓународни проекти и програми како Еразмус+, што овозможува зголемена мобилност на наставниот и административниот кадар и студентите, интеркултурна размена и развој на студиски содржини на англиски јазик, со цел привлекување странски студенти и градење на меѓународна видливост. Дополнително, активностите за унапредување на научно-истражувачката работа се темелат и на Стратешка цел 5: Зајакнување на институционалните капацитети и обезбедување на одржлив развој, преку: континуиран професионален развој на наставниот и административниот кадар, оптимизација на процесите и организациската структура со цел зголемување на ефикасноста и поддршка на академската и научно-истражувачката работа, вложување во модернизација на просториите, технолошката опрема и пристапот до релевантни научни извори и апликации и аплицирање и учество во национални и меѓународни проекти за обезбедување финансиска стабилност и развој на истражувачки капацитети. (Прилог 5.8 А)

Соработката со компании и организации како Johnson Matthey, Интертек, Cognism, AirCare и други индустриски партнери претставува практична поддршка за развивање на истражувачка култура ориентирана кон решавање реални проблеми и создавање применливи иновации. На овој начин се овозможува интеграција на научните сознанија во практиката, а студентите добиваат можност за учење преку ангажман во реални проекти. Иако обемот на научно-истражувачката работа моментално е умерен, воспоставената систематска поддршка, интернационализацијата и партнерствата со индустријата создаваат стабилна основа за одржлив развој на академскиот и истражувачкиот потенцијал на институцијата.

**Прилози**
Прилог 5.8 А - програма и стратегија за развој на Бреинстер Некст 2025-2028 година

| | |
|---|---|
| 5.9. Високообразовната установа поттикнува -иновации во наставните методи и во користењето нови технологии. | Конкретни примери и резултати за воведени иновации во наставните методи и во користењето нови технологии. |

СВСШ „Бреинстер Некст" Скопје континуирано поттикнува и применува иновативни пристапи во наставата, засновани на интеграција на дигитални технологии, адаптивно учење и интерактивни методи на работа. Оваа определба е целосно усогласена со стратешка цел 6: Целосна дигитализација и имплементација на иновативни образовни технологии (Програма и стратегија за развој на БН 2025-2028) преку која се обезбедува постојан развој на технолошката инфраструктура, дигиталните компетенции на кадарот и модернизација на наставниот процес. Централен елемент во овој процес е електронската платформа за учење IAMNEXT, сопствено развиено интегрирано решение за управување со наставата и студентското искуство. Платформата овозможува целосна дигитална организација и спроведување на наставата (предавања, лаборатории, консултации), пристап до интерактивни материјали и видео-лекции, автоматизирано следење на напредокот, генерирање извештаи и повратни информации за студентите, како и персонализирано и адаптивно учење според индивидуалните потреби. Со тоа, IAMNEXT не претставува само техничка алатка, туку интегриран педагошки модел кој овозможува флексибилност, транспарентност и активно учество на студентите во процесот на учење. Во рамките на платформата е развиен и модулот Assessments, кој овозможува спроведување на тестови, лабораториски задачи и испити со примена на напредни механизми за обезбедување академски интегритет. Системот користи функционалност за следење на

активноста на прозорецот (window tracking) и, каде што е применливо, снимање на екранот (screen monitoring) со цел спречување на користење на недозволени ресурси и AI алатки при проверка на знаењето. Дополнително, за поддршка на формативното оценување и интерактивното учење, дел од наставниците активно користат алатки како Wayground и Kahoot, кои овозможуваат динамична проверка на знаењето, поттикнување на критичко размислување и зголемување на вклученоста на студентите во наставниот процес. Наставниците редовно се обучуваат за нивна примена, со поддршка од техничкиот тим. Со овие решенија, „Бреинстер Некст"воспоставува високо ниво на дигитална писменост, иновативност и академски интегритет, создавајќи современо образовно опкружување што ги подготвува студентите за професионалните и технолошките предизвици на иднината.(Прилог 5.9.А – Опис на IAMNEXT платформа; Прилог 5.9.Б – Увид во спецификација на модулот Assessments)

**Прилози**

Прилог 5.9 А - Увид во платформа IAMNEXT

Прилог 5.9 Б - Увид во сегментот Assessments на платформата IAMNEXT

| | |
|---|---|
| 5.10. Установата има востановен систем на академски интегритет и спречување на плагијаризам. | Акт на установата за или друг акт во кој е регулиран индикаторот; Извештаи за спроведена проверка преку системот на плагијати за учебници, учебни помагала или научни трудови објавени од установата (извештаи за најмалку 5% од објавените публикации во последните пет години). |

СВСШ „Бреинстер Некст", Скопје има воспоставен систем на политики и процедури за обезбедување академски интегритет, кој опфаќа нормативна, едукативна и дисциплинска компонента. Системот е регулиран преку:

- Правилник за дисциплинска одговорност на студентите (Прилог 5.10 А);
- Кодекс за плагијати (Прилог 5.10 Б);
- Code of Conduct за наставници и Кодекс на етичко однесување на академската заедница на БН (Прилог 5.10 В и Г)
- Правилник за единствени правила за студирање на прв циклус студии на БН (Прилог 5.10 Д)

Овие акти обезбедуваат јасни механизми за спречување, препознавање и санкционирање на неакадемско однесување, како и поттикнување култура на чесност, одговорност и почитување на интелектуалната сопственост. Во рамките на превентивните мерки, Бреинстер Некст спроведува едукативни активности за студентите и професионална поддршка од наставниот кадар, преку: поттикнување на отворени дискусии и консултации за прашања поврзани со академската чесност и плагијатите во рамки на наставата, дизајнирање на оригинални задачи што поттикнуваат истражувачко и критичко размислување. Покрај тоа, институцијата обезбедува ефективна верификација на оригиналноста преку комбинирани проверки и усна евалуација на студентските трудови преку наставниците и Комисијата за дисциплински мерки, кои постапуваат согласно утврдените правила. Во изминатиот период не се евидентирани случаи на плагијаризам, што ја потврдува ефективноста на воспоставениот систем. Административниот и академскиот кадар, исто така, активно ја негуваат организациската култура на академска чесност, преку постојана поддршка и комуникација со студентите, размена на добри практики и создавање средина што го вреднува интегритетот повеќе од формално санкционирање. Со ова, Бреинстер Некст демонстрира континуирана посветеност кон одржување на академскиот интегритет и промовирање на организациска култура и вредности на чесност, оригиналност и професионална етика во академската заедница.

.

**Прилози**

**Прилог 5.10 А-** Правилник за дисциплинска одговорност на студентите
Прилог 5.10 Б - Кодекс за плагијати
Прилог 5.10 В - Етички кодекс за студенти
Прилог 5.10 Г - Code of Conduct за наставници
Прилог 5.10 Д - Правилник за единствени правила за студирање на прв циклус студии на БН

| | |
|---|---|
| 5.11. Установата има политика /документ/акт за научноистражувачка работа. Индикаторите за научно-истражувачката работа се утврдени и редовно се следат. | Акт на установата за или друг акт во кој е регулирана научноистражувачката работа и/или се утврдени индикаторите за научноистражувачката работа.<br>Извештај/анализа за исполнување на индикаторите за научноистражувачката работа (доколку е применливо). |

СВСШ „Бреинстер Некст", Скопје има воспоставена институционална политика и стратешка насока за развој и унапредување на научно-истражувачката и стручно- апликативната дејност, дефинирана во Стратегискиот план за периодот 2022–2025 и Стратегискиот план 2025–2028 (Прилог 5.11 А и Прилог 5.11 Б). Овие документи претставуваат основни акти што ги утврдуваат приоритетите, целите и индикаторите за следење на резултатите во областа на истражувањето и иновациите. Во согласност со стратешките определби, *Бреинстер Некст* се залага за: развивање на применета научно-истражувачка дејност поврзана со потребите на индустријата и ИКТ секторот, поттикнување на академскиот кадар и студентите за вклучување во истражувачки и проектни активности, интеграција на истражувањето во наставниот процес преку студиски проекти и практична примена на знаењата, воспоставување партнерства со компании, организации и истражувачки центри за спроведување на заеднички истражувања и иновации. Во рамките на стратегиските документи се дефинирани конкретни индикатори за следење на реализацијата на научно-истражувачката активност, меѓу кои: број на реализирани истражувачки и апликативни проекти, број на вклучени студенти и наставници во проектни активности, број на објавени трудови, стручни трудови и истражувачки публикации, степен на соработка со индустриски партнери и меѓународни институции, развој и имплементација на иновативни наставни и истражувачки практики. Реализацијата на овие индикатори се следи континуирано преку годишни извештаи за реализација на стратешките планови, кои се разгледуваат од страна на директорот, наставничкиот совет и релевантните комисии. (Прилог 5.11 В) На овој начин се обезбедува транспарентност, систематско мерење на резултатите и унапредување на апликативната и истражувачката култура во рамките на институцијата. Со ваквиот пристап, Бреинстер Некст обезбедува усогласеност со европските стандарди за високо образование и ја потврдува својата посветеност кон развивање на научноистражувачката дејност како составен дел на академската и професионалната мисија на институцијата.

**Прилози**

Прилог 5.11 А - Стратегиски план на Бреинстер Некст 2022-2027
Прилог 5.11 Б - Стратегиски план на Бреинстер Некст 2022-2028 и Акционен План за спроведување на стратегискиот план
Прилог 5.11 В - Годишни извештаи за спроведување на стратегискиот план 2022-2025

| | |
|---|---|
| 5.12. Научноистражувачката работа кореспондира со локалните, регионалните и/или националните развојни цели како и социоекономскиот и културниот контекст. Ефектот од научноистражувачката работа на локалните, регионалните и/или националните развојни цели редовно се следи, врз основа на кој се вршат соодветни подобрувања. | Конкретни примери и резултати, најдобри практики; Релевантни извештаи или препораки |

Во рамките на својата мисија да го револуционизира високото образование во Македонија преку практичен и дуален модел кој ја поврзува академијата со индустријата, апликативната и научно-истражувачката дејност на Бреинстер Некст Скопје е усогласена и придонесува кон остварување на повеќе клучни национални стратегии и политики, меѓу кои: Национална стратегија за развој на образованието 2018–2025, Стратегија за паметна специјализација на Република Северна Македонија (2023–2027), Национална стратегија за млади (2023–2027). Фокусот на научноистражувачката активност на установата е насочен кон дигитална едукација, примена на вештачка интелигенција (AI) во наставата, развој на компетенции за идни професии, и двонасочен трансфер на знаење помеѓу академијата кон индустријата, што директно придонесува кон исполнување на националните цели поврзани со: развој на дигиталната економија и општество базирано на знаење, јакнење на иновацискиот и истражувачкиот капацитет на високообразовните институции, унапредување на квалитетот на образованието и примената на нови технологии во учењето и создавање на конкурентна и прилагодлива работна сила во согласност со потребите на пазарот на труд. Академскиот кадар на Brainster Next активно учествува во меѓународни истражувачки иницијативи кои промовираат применети знаења во контекст релевантен за македонската и европската образовна и технолошка средина. Особено значаен е придонесот на м-р Ивица Пешовски, кој преку соработка со колеги од NOVA Information Management School (NOVA IMS), Universidade Nova de Lisboa (Португалија), Comenius University of Bratislava (Словачка), Magdeburg-Stendal University (Германија) и ФИНКИ (С. Македонија), објавува трудови кои третираат прашања од висока стратешка важност за националниот и регионалниот развој, меѓу кои:

- „AI-powered Education: Rethinking the Way Programming Is Taught Using AI Tools and Reversed Bloom's Taxonomy" – кореспондира со националните цели за дигитална трансформација на образованието и развој на ИТ кадар;

- „Predicting Bootcamp Success: Using Regression to Leverage Preparatory Course Data for Tech Career Transitions" – поврзан со унапредување на системите за професионален развој и преквалификација на млади и возрасни лица;

- „ChatGPT in Exam Rooms: Preliminary Insights into Student Performance With and Without AI Assistance" и „Generative AI for Customizable Learning Experiences" – поддржуваат развој на иновативни педагошки пристапи и интеграција на нови технологии во високото образование, во согласност со приоритетите на Министерството за образование и наука;

- „Digital Learning Platforms and Peer Influence: Analysis of Performance and Collaboration" – допринесува кон развивање на социјални и колаборативни аспекти на учењето во контекст на дигиталното општество. Со овие истражувања, Brainster Next не само што придонесува кон научниот и технолошкиот напредок, туку создава директен ефект врз образовниот систем и

пазарот на трудот во државата, обезбедувајќи пренос на знаење, дигитални решенија и иновативни модели на настава. Редовното следење на ефектот од научноистражувачката работа се спроведува преку: годишни извештаи за академска и истражувачка активност, кои ги анализираат постигнатите резултати, нивната релевантност и примена, периодични ажурирања на стратегијата за развој, врз основа на следените резултати и препораки од академската и деловната заедница. Преку овој системски пристап, Brainster Next – Скопје обезбедува усогласеност на научноистражувачката дејност со националните и европските приоритети, промовира иновативна и применета наука и ја позиционира институцијата како активен чинител во креирањето на одржлива, дигитална и конкурентна економија.

**Прилози**
Прилог 5.12 А - Листа на конференции

**Стандард 6**

| СТАНДАРД 6: РЕСУРСИ ЗА УЧЕЊЕ И ПОДДРШКА НА СТУДЕНТИТЕ | |
|---|---|
| **ИНДИКАТОР** | **ДОКУМЕНТАЦИЈА** |
| 6.1. Установата обезбедува соодветно финансирање на активностите за учење и настава и на тој начин овозможува соодветни и лесно достапни ресурси за учење и поддршка на студентите. Системот за финансирање на установата односно студиските програми е ефикасен и се базира на потребите на студентите. Установата располага со систем за финансирање на научноистражувачка дејност кој сеопфатен и ефикасен. | Финансиски план од претходните пет години<br>Финансиски извештаи од претходните пет години<br>Приказ на финансирање на научноистражувачката дејност (со наведен процент од вкупните/сопствените приходи кој се издвојува за научноистражувачка работа) |

Високообразовната установа „Бреинстер Некст“ Скопје обезбедува стабилно и ефикасно финансирање на активностите поврзани со наставата, учењето и студентската поддршка. Финансиското работење се заснова главно на сопствени приходи, односно школарини од студентите, што овозможува самостојност, флексибилност и навремено обезбедување на средства за сите активности во наставниот процес.

Средствата се распределуваат по неколку главни категории:
- Плати на вработени – вклучуваат трошоци за академски и административен кадар, прилагоден на растот на институцијата и проширувањето на студиските програми. Буџетот за оваа ставка се ревидира секоја академска година со цел обезбедување соодветен број предавачи, координатори и стручни експерти.
- Исплати на надворешни соработници – за предмети каде се ангажираат експерти од индустријата, како дел од концептот на практично ориентирано образование.
- Трошоци за инфраструктура и дигитални ресурси – вклучуваат закуп на простор, режиски трошоци, опрема, стабилна Wi-Fi покриеност, серверска инфраструктура и лиценци за дигитални алатки. Во рамките на студиската програма Графички дизајн се обезбедени и лиценци за Adobe пакети за студентите.
- Останати варијабилни трошоци – трошоци за тековно одржување, библиотечни услуги, печатење и други административни активности, како и програмата „Студирај сега, плаќај по вработување“, со која се обезбедува пристапно студирање.
- Маркетинг и промоција – активности за информирање на јавноста, посетување средни училишта, организирање на отворени денови и поддршка на студентското собрание, кое добива сопствен буџет за реализирање на активности и настани.

Финансискиот план се ревидира на годишно ниво во согласност со приоритетите на институцијата, новите студиски програми и потребите на студентите. сСекоја академска година

| |
|---|
| се зголемува буџетот за човечки ресурси и за подобрување на условите за учење, а особено за дигитални и технички алатки кои ја поддржуваат наставата. (Прилог 6.1 А)<br><br>Ваквиот пристап овозможува континуирано подобрување на ресурсите за учење и поддршка на студентите, како и одржливост на системот за финансирање на долг рок. |
| **Прилози**<br>Прилог 6.1 А - Финансиски планови и извештаи за периодот 2023-2025 година |

| | |
|---|---|
| 6.2. Техничките ресурси на установата (библиотеки, лаборатории, простории за работа, информатичка опрема и др.) се соодветни за реализација на студиската програма. Студентите и наставниот кадар вклучувајќи ги и лицата со посебни потреби имаат пристап до сите ресурси. Установата располага со соодветна инфраструктура за учење на далечина. Техничките ресурси се предмет на редовен мониторинг во установата. | Вкупна површина (во сопственост и изнајмен простор) со површина на објектите (амфитеатри, училници, лаборатории, организациони единици, служби);<br>Попис на функционална информатичка опрема наменета исклучиво за студентите;<br>Попис на библиотечен фонд на установата како и попис на библиотечен фонд, набавен во последните пет години (се оценува релевантноста на библиотечниот фонд за секоја студиска програма); Попис на информатички ресурси за учење на далечина;<br>Информација за ресурси достапни на лицата со посебни потреби;<br>Информација за мониторинг на техничките ресурси во установата. |

| |
|---|
| СВСШ „Бреинстер Некст" располага со соодветни просторни и технички капацитети кои овозможуваат успешна реализација на наставниот процес, научно-истражувачките активности и континуирана поддршка на студентите.<br>Вкупната површина со која располага институцијата изнесува 1.929 м²,целосно обезбедени преку закуп. Наставата и административните активности се реализираат на четири локации во Центар, Скопје: ул. „Васил Ѓоргов" бр. 19 (399 м²), ул. „Костурски Херои" бр. 28 (368 м²), ул. „Фјодор Достоевски" б.б. (1.015 м²), ул. Васил Ѓоргов бр.19А (147м²),со 20 предавални, 13 професорски кабинети, 6 лаборатории и дополнителни простории за административни и студентски услуги (Прилог 6.2 А)<br>Сите училници се опремени со современа информатичка и мултимедијална опрема, која овозможува традиционална и далечинска настава (прилог 6.2 Б) Обезбедени се преносни компјутери, проектори, интерактивни табли, серверска инфраструктура и Wi-Fi покриеност. Електронската библиотека на Институцијата (library.next.edu.mk), (Прилог 6.2 В), содржи: задолжителна и дополнителна литература по сите предмети, академски списанија преку European Scientific Institute (ESI), како и членство во ЈУ Градска библиотека „Браќа Миладиновци", Скопје (прилог 6.2 Г) и пристап до читалната „1000 книги" на Министерството за образование и наука.<br>Наставата е поддржана преку електронска платформа за учење, која овозможува пристап до наставни материјали, презентации, и известувања. Сите простории се опремени со технички средства за реализација на on-line предавања и интерактивни активности. (Прилог 6.2 Д). нституцијата има воспоставени механизми за прилагодување на наставата преку учење на далечина и просториите за настава во согласност со потребите на студенти со посебни образовни потреби а со цел обезбедување еднаков пристап и инклузивност. Мониторингот и одржувањето на техничките ресурси се обезбедени преку ИТ службата, со што се гарантира нивната постојана функционалност и ефикасност. |

| Прилози<br>Прилог 6.2 А Договори за закуп<br>Прилог 6.2 Б Пописна листа на опрема<br>Прилог 6.2 В Линк до електронска бибилиотека<br>Прилог 6.2 Г - Договор за соработка со библиотека Браќа Миладиновци<br>Прилог 6.2 Д - Пристап до платофрма IAMNEXT | |
|---|---|
| 6.3. Работата на помошните/административните служби е соодветно организирана и е во функција на внатрешното обезбедување на квалитет. Службите во својата работа ги земаат предвид флексибилните начини на учење и настава како и потребите на различната студентска популација (на пример, студентите постари од 25 години, вонредните и вработените студенти, студентите од странство и студентите со посебни потреби). Бројот на вработени во помошните/административните служби и нивниот профил е соодветен за бројот на студенти на сите видови на студии. Помошниот и административен кадар има можност за развој на сопствените компетенции. | Приказ на можностите кои постојат во рамките на помошните/административните служби за потребите на различната студентска популација студентите постари од 25 години, вонредните и вработените студенти, студентите од странство и студентите со посебни потреби;<br>Приказ на број на вработени и нивниот профил во помошните/административните служби;<br>Листа на вработени во помошниот и административниот кадар кои посетувале обука за развој на сопствените компетенции во изминатите пет години (со наведен период). |

Административните служби и центарот за кариера при СВСШ „Бреинстер Некст“ се организирани на начин што обезбедува ефикасна и навремена поддршка за студентите, наставниот кадар иинституцијата во целина. Нивната работа е насочена кон унапредување на квалитетот на студентското искуство, навремено сервисирање на административните потреби и поддршка на студентите во процесот на академски и професионален развој. Организацијата и надлежностите на службите се уредени со Правилник за систематизација на работни места (Прилог 6.3 А), а опфатените работни позиции (административен службеник, академски координатор, службеник за студентски прашања, библиотекар, ИТ администратор и координатор за кариера) се соодветни на бројот и структурата на студентите и се во согласност со пропишаните нормативи и стандарди. (Прилог 6.3 Б) Студиските програми кои тековно се нудат на институцијата се структуирани за редовно студирање и посетување на настава, но доколку се утврди потреба, службите се подготвени да одговорат на потребите на различна студентска популација, вклучително и вработени, постари, вонредни, меѓународни студенти и лица со посебни потреби, преку флексибилна организација на услугите и индивидуален пристап. Институцијата посветува континуирано внимание на унапредување на компетенциите и професионалниот развој на административниот кадар, имајќи предвид дека квалитетот на административните процеси директно влијае врз студентското искуство и општата ефикасност на институцијата. Во изминатиот период, административните вработени активно посетуваа различни обуки, академии и конференции со цел развивање на технички, организациски и интерперсонални вештини. Меѓу реализираните активности се издвојуваат:

- Академија за човечки ресурси, насочена кон подобрување на вештините за организациска култура, интерна комуникација и HR процеси;
- Академија за продукт и проект менаџмент, со фокус на управување со процеси, ресурси и приоритети во динамична средина;
- Обука за стручно усовршување и оспособување во областа на канцелариското и архивското работење, реализирана во организација на Државниот архив на Република Северна Македонија, која овозможи усогласување на административното работење со јавните стандарди;
- Задолжителна двонеделна онбоардинг обука за функционалностите на дигиталната платформа

IAMNEXT, која секој нововработен ја посетува под менторство на ИТ тимот, со цел да стекне целосно разбирање за административното и академското управување преку системот.

Дополнително, вработените беа дел и од национални и меѓународни конференции, како:
- SCOUT • TRAIN • DEPLOY – LEORON Conference (менаџмент и развој на таленти),
- E-commerce конференција (иновативни пристапи во онлајн комуникација и продажба)
- MHRA конференција (управување со човечки ресурси во високото образование),
- UXplore конференција (искуство на корисници и дигитален дизајн).

Секоја од овие активности придонесува за јакнење на институционалните капацитети, особено во делот на студентска поддршка, дигитална администрација и ефикасно управување со квалитетот.
Покрај тоа, секој вработен има пристап до внатрешната програма „AI at Work" развиена од Бреинстер. Програмата е насочена кон унапредување на дигиталната писменост, аналитичко размислување и примената на алатки базирани на вештачка интелигенција во секојдневното работење. Преку оваа програма, административниот кадар ги подобрува своите способности за автоматизација на процеси, подобрување на комуникацијата со студентите и брзо решавање на административни задачи, што директно придонесува кон зголемена ефикасност и иновативност на институционално ниво.

**Прилози**
Прилог 6.3 А - Правилник за систематизација
Прилог 6.3 Б - Ненаставен кадар

| | |
|---|---|
| 6.4. Установата го поттикнува вклучувањето на студентите во научноистражувачки проекти на сите циклуси на студии. | Листа на студенти кои биле ангажирани во научноистражувачки проект на сите циклуси на студии во изминатите пет години (со назив на проектот, имплементатор на проектот, информација за финансирање и линк до резултатите од проектот);<br>Процент на студенти вклучени во научноистражувачки проекти во однос на вкупниот број на студенти по циклуси на студии. |

СВСШ „Бреинстер Некст" е високообразовна институција која реализира стручни апликативни студии и активно ги вклучува своите студенти во апликативни проекти и иницијативи со своите партнери од индустријата. Во изминатиот период повеќе од педесетина студенти работеа на реални решенија за компании и јавни институции (BitBite, Intertec, Џонсон Мети, Cineplex, Државниот завод за статистика, Театар Комедија, Хелсиншки Комитет за човекови права, Комисија за спречување и заштита од дискриминација, Кривичен суд на РСМ, Совет на судии на РСМ и др.), учествуваа на хакатони во партнерство со меѓународни организации и банки, како и во развој на маркетинг стратегии во рамки на наставата. Во следниот период со комплетирањена Erasmus+ charter и развојот на нови партнерства, институцијата предвидува постепено зголемување на учеството на студентите во научно-истражувачки проекти.

**Прилози**
/

| | |
|---|---|
| 6.5. Студентите имаат на располагање специфични форми на поддршка вклучувајќи: советник за академски развој кој го следи нивниот развој, дава поддршка за планирање на кариерата и други академски предизвици и/или функционален Центар за кариера, менторски сесии, психолошка поддршка и др. | Приказ на специфични форми на поддршка на студентите во установата; Број на студенти кои користеле специфични форми на поддршка во последните пет години;<br>Приказ на услуги на Центар за кариера и спроведени активности во последните пет години;<br>Број на студенти кои следеле обука/тренинг/пракса или друг вид на поддршка |

| | |
|---|---|
| | преку Центарот за кариера во последните пет години. |

Во рамките на СВСШ „Бреинстер Некст", студентите имаат на располагање разновидни и интегрирани форми на поддршка кои обезбедуваат академски, кариерен и личен развој. Со Одлука на Одборот за директори (Прилог 6.5 А) е формиран Центар за кариера, чија примарна цел е систематска подготовка на студентите за пазарот на труд. Центарот редовно организира кариерни сесии за сите студенти, кои опфаќаат работилници за подготовка на CV и мотивациско писмо, симулации на интервјуа за работа, како и два саеми за вработување реализирани во изминатите три академски години, со учество на 120 студенти (резултатите се прикажани во Прилог 6.5 Б). Дополнително, студентите имаат можност за практична настава во рамки на компаниите со кои установата има склучено договори за соработка (Прилог 6.5 В), што овозможува значајно практично искуство и вмрежување, а статистичките податоци за посетените пракси се прикажани во Прилог 6.5 Г. Академската поддршка се обезбедува преку академскиот координатор и студентските координатори, кои го следат индивидуалниот напредок на студентите, даваат насоки при надминување на академски предизвици и посредуваат во комуникацијата со наставниот кадар, со што се овозможува навремено препознавање и надминување на можни потешкотии. Дополнително во текот на академската 2024/2025 година институцијата ангажираше професионален психолог, кој беше достапен за индивидуални разговори и консултации со студентите. Двајца студенти ја искористија оваа услуга, што потврдува дека воспоставениот систем е функционален и прифатен од страна на студентите. Со овие активности, „Бреинстер Некст" демонстрира системска посветеност на холистичкиот развој на студентите, интегрирајќи академска, кариерна и психолошка поддршка. Ваквиот пристап создава поволни услови студентите целосно да го развиваат својот потенцијал и да се подготват за успешна интеграција во пазарот на труд. Во академската 2024/2025 година се изработи и веб страница на која се објавуваат информации за работата на Кариерниот центар (Прилог 6.5 Д), што овозможува поголема достапност и транспарентност на услугите.

**Прилози**

Прилог 6.5 А - Одлука за формирање на Центар за кариера на бреинстер Некст
Прилог 6.5 Б - Саем за вработување статистики - табела за присуство
Прилог 6.5 В - Договори за соработка со компании
Прилог 6.5 Г - Статистики за пракси
Прилог 6.5 Д - Линк до вебсајт

| | |
|---|---|
| 6.6. Установата има функционален систем за следење на членовите на Алумни заедницата. Алумни заедницата е вклучена во развојните планови на установата. Установата организира редовни настани и/или иницијативи преку кои се одржува контактот со завршените студенти. | Приказ на системот за следење на Алумни заедницата (доколку е применливо);<br>Број на членови на Алумни заедницата регистрирани во системот (доколку е применливо);<br>Приказ на активности со Алумни заедницата во последните пет години;<br>Доказ дека системот е функционален. |

Бреинстер Некст има воспоставен систем за следење на Алумни заедницата, формирана со дипломирањето на првите тројца студенти во 2024/2025 година. Клучна улога има Центарот за кариера, кој обезбедува евиденција за алумни, советување, обуки, поддршка при вработување и посредување со компании. Со постепено зголемување на бројот на алумни заедницата се предвидува нејзино активно учество во развојните планови на Институцијата. Контактот со дипломците се одржува преку редовни настани, работилници и менторски програми. Со овие активности, Бреинстер Некст обезбедува долгорочна и функционална врска со своите дипломци и создава услови за нивна активна улога во развојот и афирмацијата на институцијата.

| | |
|---|---|
| **Прилози**<br>/ | |
| 6.7. Студентите активно учествуваат во управувањето на установата. Во рамките на установата функционира студентско собрание и студентски правобранител односно негов заменик. Установата ги поддржува општествените, културните и спортските активности на студентите. Таа им овозможува простории, поддршка како и годишен буџет. | Акт во кој е регулирано прашањето за учеството на студентите во управувањето;<br>Приказ на учеството на студентите во органите на високообразовната установа (со релевантни показатели);<br>Одлука за избор на членови на Студентско собрание и извештај од последните спроведени избори;<br>Одлука за избор на студентски правобранител односно негов заменик;<br>Приказ на поддржани општествени, културни и спортски активности на студенти од страна на установата (наведен со назив на активност, временски период, буџет) за последните пет години. |

Согласно актите на СВСШ „Бреинстер Некст", студентите активно учествуваат во управувањето на институцијата преку Студентското собрание, избор на студентски претседател и негов заменик, како и преку формализирана улога во институционалните органи и комисии. Статутот на Бреинстер Некст предвидува учество на студентите во процесите на донесување одлуки, додека регулативата за функционирање на студентското тело е уредена во Статутот на Студентското собрание (Прилог 6.7 А). Извештаите од спроведените избори ја потврдуваат регуларноста и транспарентноста на изборниот процес (Прилог 6.7 Б), а одлуките за именување на претседател и членови на Студентското собрание ја формализираат улогата на ова тело во заштита на правата на студентите, спроведување на програмата и посредување при евентуални недоразбирања (Прилог 6.7 В). Претседателот на Студентското собрание учествува како член на Наставничкиот совет, каде што активно придонесува во донесувањето на одлуки (Прилог 6.7 Г). Покрај учество во НС, студентите се формално вклучени и во следниве комисии:

- Комисијата за самоевалуација – студентите активно придонесуваат со предлози и сугестии за квалитетот, учествуваат во анализа на анкетни резултати и изработка на извештаи(Прилог 6.7 Д).

- Дисциплинската комисија – студентските претставници придонесуваат за фер и транспарентно спроведување на дисциплинските постапки во согласност со правилата и етичките принципи на установата (Прилог 6.7 Ѓ) ).

Дополнително, институцијата обезбедува финансиска и логистичка поддршка за развојот на студентскиот живот и реализација на активности предложени од студентите (Прилог 6.7 Е). Во последните три академски години беа поддржани активности според програмите на Студентското собрание, иако дел од нив не се реализираа целосно. (Прилог 6.7 Ж). Вклученоста на студентите во овие органи и комисиите обезбедува реален механизам за нивно влијание врз политиките, процедурите и континуираното унапредување на академската средина. Овој пристап ја зајакнува културата на учество, транспарентност и заемна одговорност, овозможувајќи студентите активно да придонесуваат кон развојот на институцијата, како и кон организирањето на општествени, културни и спортски активности.

**Прилози**

Прилог 6.7 А - Статут на Студентско Собрание
Предлог 6.7 Б - Записник од спроведени избори
Предлог 6.7 В - Одлука за именување на претседател и Одлука за заменик претседател
Предлог 6.7 Г - Одлуки за именување на претставник во Наставнички СОвет
Прилог 6.7 Д - Одлука за комисија за самоевалуација
Прилог 6.7 Ѓ - Одлука за формирање на дисциплинска комисија

| | |
|---|---|
| Прилог 6.7 Е - Програми за работа на Ст. Собрание<br>Прилог 6.7 Ж - Извештај за спроведување на програмите на СС | |
| 6.8. Студентите се запознаени со услугите и можностите кои им стојат на располагање. | Приказ за начинот на кој студентите се запознаваат со услугите и можностите кои има стојат на располагање;<br>Промотивни материјали, публикации или линк до објави на веб страна. |
| Студентите на СВСШ Бреинстер Некст се навремено и целосно запознаени со сите услуги и можности што им стојат на располагање во рамки на нивното студирање. Овој процес започнува со организирање на ориентациската недела, која се одржува една седмица пред официјалниот почеток на академската година. Во текот на оваа недела, новозапишаните студенти се информираат за академските и административните процеси, за правата и обврските, како и за поддршката која институцијата ја обезбедува. На секој студент му се отвора лично студентско досие на дигиталната платформа IAMNEXT (Прилог 6.8.А), кое претставува централизирано место за пристап до сите академски информации, ресурси и услуги. Клучна алатка на платформата е огласната табла (Прилог 6.8.Б), преку која студентите редовно се информираат за наставниот процес, испитните сесии, распоредите, дополнителните активности и сите новости релевантни за студискиот циклус. Покрај ова, институцијата обезбедува транспарентни и достапни информации и преку својата официјална веб-страница (http://www.next.edu.mk), каде студентите имаат пристапат до податоци за студиските програми, интерните акти, јавните објави и други релевантни ресурси (Прилог 6.8.В). Со воспоставените механизми се обезбедува транспарентна, навремена и целосна информираност, што придонесува за подобрување на студентското искуство, зајакнување на нивната активна вклученост и поттикнување на интеграција во академскиот и општествениот живот на институцијата. | |
| **Прилози**<br>Прилог 6.8 А - Увид во студентското досие на платформа ИАМНЕКСТ<br>Прилог 6.8 Б - Увид во огласна табла на платформата ИАМНЕКСТ<br>Прилог 6.8 В - Веб страна на Бреинстер Некст (линк до вебсаіт) | |

**Стандард 7**

| СТАНДАРД 7: УПРАВУВАЊЕ СО ИНФОРМАЦИИ | |
|---|---|
| **ИНДИКАТОР** | **ДОКУМЕНТАЦИЈА** |
| 7.1. Високообразовната установа редовно прибира, анализира и користи информации кои се важни за успешно спроведување на студиските програми и другите активности. Преку ефикасен процес на собирање и анализа на податоци за студиските програми и другите активности, податоците се внесуваат во внатрешниот систем за обезбедување квалитет. | Опис и приказ на системот за прибирање и обработка на информации<br>Акт за регулирање (доколку е применливо) Доказ дека системот е функционален. |
| СВСШ Бреинстер Некст има воспоставено јасен и функционален систем за прибирање, анализа и користење на информации кои се релевантни за успешно спроведување на студиските програми и други институционални активности. Централна алатка во овој процес е дигиталната платформа IAMNEXT, која претставува интегриран информациски систем наменет за прибирање, обработка, анализа и управување со информациите за студентскиот циклус и за внатрешно обезбедување квалитет на институцијата.<br>Преку IAMNEXT се евидентираат и обработуваат податоци за бројот на запишани студенти, нивниот | |

академски напредок, положеност и оценки по предмети, статистика за отпишани и дипломирани студенти, како и информации за реализирани предмети, предметни програми и пракси. Дополнително, платформата овозможува собирање на повратни информации од студентите преку анкети, што претставува значаен инструмент за идентификување на силните страни и потенцијалните слабости во наставниот процес. (Прилог 7.1 А)

Податоците редовно се анализираат од страна на Академските координатори, Студентските координатори и надлежните служби, а резултатите се користат за носење информирани одлуки од Наставничкиот Совет и Одборот на директори за унапредување на студиските програми и институционалните процеси. На овој начин се обезбедува континуирано следење, евалуација и подобрување на квалитетот на наставата, поддршката за студентите и институционалното работење во целина. Овој интегриран пристап ја потврдува посветеноста на СВСШ „Бреинстер Некст" кон системско и ефикасно обезбедување на квалитет на академскиот процес и целокупното студентско искуство.

**Прилози**

Прилог 7.1 А - Увид во платформа ИАМНЕКСТ

| | |
|---|---|
| 7.2. Информациите кои се прибираат се релевантни за профилот на установата односно студиските програми и вклучуваат: клучните показатели на успехот; профилот на студентската популација; напредокот на студентите, успехот и стапката на отпишување на студентите; степен на исполнетост на очекувањата од студиските програми од страна на студентите; ресурсите за учење и поддршката кои се достапни на студентите, податоците за вработување на дипломираните студенти и нивните кариери итн.<br>Студентите и вработените се вклучени во процесите на обезбедување и анализа на податоците како и во планирањето на активностите кои произлегуваат од нив. | Приказ на податоци кои се прибираат и начинот на анализа од прибраните податоци;<br>Конкретни примери на вклучување на студентите и вработени во процесот; Конкретни примери на ползување на информациите обезбедени во процесот. |

Во рамките на СВСШ Бреинстер Некст е воспоставен систем за редовно прибирање, обработка и анализа на информации кои се релевантни за профилот на институцијата и студиските програми. Информациите се прибираат преку платформата IAMNEXT, која овозможува интегрирано следење на академските резултати, ангажманот на студентите и реализацијата на наставата. Се анализира академскиот успех на студентите според студиски програми, години на студирање и година на запишување. Анализите опфаќаат преглед на постигнувањата по предмети, проодност на студентите, број на студенти кои дипломираат во предвидениот рок и просечното време потребно за завршување на студиите, број на студенти со колку предмети се положени, присуство просечно на секој предмет и споредба на присуството со претходни генерации, колку преполагања се потребни за да се положи одреден предмет според просечната проодност, просечна проодност на предмет, pSat и iSat, submission rates на анкети, број на отпишани студени (drop outs) во семестарот со наведени причини, потенцијални drop outs, просек од предмет, тековни проблеми и решенија за истите, преглед на дисциплински мерки, идни акции за двете програми и сега на последниот кохорт имаше преглед на праксите.

Дополнително, двапати годишно студентските координатори изработуваат кохорт извештаи (Прилог 7.2 Б) кои обезбедуваат подетален увид во академските резултати и ангажманот на студентите, а во однос на гореспоменатите податоци кои редовно с еприбираат и ажурираат преку платформата IAMNEXT.

Преку студентските анкети се следи и степенот на задоволство од студиските програми, предавачите, достапноста на ресурсите за учење и ефикасноста на административната поддршка. Во процесот се вклучени и студентите и вработените. Студентите редовно пополнуваат анкети за

| |
|---|
| квалитетот на наставата и учеството во активности, а наставниот кадар дава извештаи за реализацијата на наставните програми. Податоците се разгледуваат и на оперативните колегиуми и наставничкиот совет, каде се носат заклучоци за подобрување на наставата, организацијата на часовите и поддршката за студентите. Резултатите од анкетите и кохорт извештаите се земаат предвид и во процесот на напредување на наставниот кадар во рамките на институцијата. |
| **Прилози**<br>Прилог 7.2 А - Увид на платформа IAMNEXT<br>Прилог 7.2 Б Кохорт извештај за академската 2024/2025 |

| | |
|---|---|
| 7.3. Установата води регистар на значајни настани, активности и процеси. Податоците се собираат, анализираат и се користат потребите на стратешкиот менаџмент на установата. | Информација за значајни настани, активности и процеси. |

Во рамките на СВСШ Бреинстер Некст се воспоставени механизми за редовно информирање и документирање на сите значајни настани, активности и процеси поврзани со академскиот и студентскиот живот. Овие информации претставуваат основа за стратешко управување и носење на одлуки базирани на докази во насока на подобрување на наставата и студентското искуство. Централна улога во овој систем има платформата IAMNEXT, преку која студентите добиваат навремени известувања на огласната табла. Таму се објавуваат информации за академски активности, организациски известувања, како и покани за учество на работилници, хакатони, натпревари и други иницијативи. (Прилог 7.3 А)

Дополнително, информациите се промовираат и преку официјалните социјални мрежи на институцијата, со што се обезбедува поширока видливост и транспарентност кон студентите, индустриските партнери и пошироката јавност. На овој начин, установата обезбедува систематско собирање и анализа на податоците за сите значајни активности, со што се поддржува стратешкото планирање и следење на развојните цели.

**Прилози**

Прилог 7.3.А – Извадок од објави на огласна табла на IAMNEXT
Прилог 7.3.Б – Линкови од социјалните мрежи на факултетот- 1. Веб страна www.next.edu.mk, Linkedin профил - https://www.linkedin.com/school/brainsternext, Инстаграм профил - https://www.instagram.com/brainsternext?igsh=MTBseXZqZHphdW4yNQ== , Тикток профил - https://www.tiktok.com/@brainsternext

| | |
|---|---|
| 7.4. Безбедноста на информациите (во печатена и електронска форма) особено на информациите поврзани со податоците на студентите, резултатите од испитите, дискусијата на дигиталните платформи итн. е заштитена. Установата соодветно ги штити личните податоци на сите засегнати страни. | Акт на установата;<br>Опис на практиката за заштита на личните податоци;<br>Други релевантни документи или политики на установата. |

Во согласност со Законот за заштита на личните податоци „Службен весник на РСМ" бр. 42/20 (Прилог 7.4 А), како и со подзаконските акти и стандардите на Агенцијата за заштита на личните податоци, Бреинстер Некст Скопје има воспоставено систем за заштита и безбедност на личните податоци и информации во печатена и електронска форма. Системот овозможува сигурна обработка, чување и контролиран пристап до сите податоци што произлегуваат од наставниот, административниот и студентскиот процес, со посебен акцент на личните податоци на студентите, наставниот кадар и вработените.
Уредувањето на оваа област е дефинирано преку повеќе интерни акти кои ги поставуваат

организациските и техничките стандарди за заштита на податоците, обработката, складирањето и пристапот.

Основниот акт во оваа област е Политиката за систем на заштита на личните податоци во СВШ Бреинстер Некст Скопје (Прилог 7.4.Б), со која се утврдуваат принципите на законитост, минимизација и транспарентност при обработка на лични податоци. Овој документ ја дефинира одговорноста на институцијата во обезбедување технички и организациски мерки за заштита, како и правата на субјектите на податоците.

Правилникот за безбедност на обработката на личните податоци (Прилог 7.4.В) детално ги опишува процедурите и мерките за физичка, логичка и техничка заштита на податоците, вклучително контролираниот пристап, заштитата на ИТ-инфраструктурата, начинот на архивирање и постапување со чувствителни податоци.

Политиката за правата на субјектите на лични податоци (Прилог 7.4.Г) утврдува како студентите, вработените и другите засегнати страни можат да ги остварат своите права на пристап, исправка, ограничување или бришење на податоците, како и постапката за поднесување барање до офицерот за заштита на лични податоци.

Во насока на техничка стабилност и континуитет, е донесен и Планот за управување со континуитет (Прилог 7.4.Д), кој дефинира начини на постапување во случаи на прекин, технички инцидент или загуба на податоци, како и методи за повторно воспоставување на системот со минимален ризик за безбедноста.

Правилникот за начинот на правење сигурносна копија, архивирање и чување, како и за повторно враќање на зачуваните лични податоци (Прилог 7.4.Ѓ) обезбедува процедури за редовно архивирање и обновување на податоците, со цел нивна заштита од губење, оштетување или неовластено бришење.

Понатаму, Правилникот за начинот на уништување на документите и медиумите (Прилог 7.4.Е) ги дефинира чекорите за безбедно уништување на печатени и електронски материјали кои содржат лични податоци, во согласност со принципите на целосна и неповратна елиминација.

Во согласност со обврските утврдени во законот, установата има усвоено и Правилник за известување за нарушување на безбедноста на личните податоци (Прилог 7.4.Ж), кој ги уредува процедурите за пријавување, проценка и управување со инциденти поврзани со лични податоци.

Сите овие мерки се надградени со Правилникот за определување на обврските и одговорностите на администраторот на информацискиот систем и овластените лица (Прилог 7.4.З), со кој се воведува хиерархија на одговорности, прецизно дефинирани пристапни нивоа и обврска за водење евиденција на овластените лица.

Заштитата на просториите и физичкиот пристап до опремата се дополнително обезбедени со Правилник за начинот на вршење на видео надзор (Прилог 7.4.Ѕ). Видео надзорот е ограничен исклучиво на безбедносни цели и се спроведува преку две камери – едната поставена на главниот влез, насочена кон влезната врата, и другата во задниот двор, насочена према надворешниот дел. Снимките се чуваат на сервер во специјализирана просторија со ограничен пристап и се обработуваат исклучиво од овластени лица.

За спроведување на сите овие политики и правилници, установата има назначено овластено лице како офицер за заштита на личните податоци (Прилог 7.4 И), администратор на информациски систем (Прилог 7.4 Ј).

Со воспоставениот систем на политики, процедури и одговорности, Бреинстер Некст Скопје обезбедува високо ниво на заштита, доверливост и интегритет на информациите, овозможувајќи безбедна академска и административна средина која ги почитува принципите на приватност и транспарентност во согласност со националните и европските стандарди.

**Прилози**

Прилог 7.4 А - Законот за заштита на личните податоци

Прилог 7.4 Б - Политиката за систем на заштита на личните податоци во СВШ Бреинстер Некст Скопје

Прилог 7.4 В - Правилникот за безбедност на обработката на личните податоци

Прилог 7.4 Г - Политиката за правата на субјектите на лични податоци

| |
|---|
| Прилог 7.4 Д - Планот за управување со континуитет<br>Прилог 7.4 Ѓ - Правилникот за начинот на правење сигурносна копија, архивирање и чување, како и з повторно враќање на зачуваните лични податоци<br>Прилог 7.4 Е - Правилникот за начинот на уништување на документите и медиумите<br>Прилог 7.4 Ж - Правилник за форма и содржина на барањето за известување за нарушување на безбедноста на личните податоци<br>Прилог 7.4 З - Правилникот за определување на обврските и одговорностите на администраторот на информацискиот систем и овластените лица<br>Прилог 7.4 Ѕ - Правилник за начинот на вршење на видео надзор<br>Прилог 7.4 И - Одлука за назначување на офицер за заштита на личните податоци<br>Прилог 7.4 Ј - Одлука за назначување на администратор на информациски систем |

**Стандард 8**

| СТАНДАРД 8: ИНФОРМИРАЊЕ НА ЈАВНОСТА | |
|---|---|
| **ИНДИКАТОР** | **ДОКУМЕНТАЦИЈА** |
| 8.1. Високообразовната установа редовно објавува податоци за своите активности и за студиските програми. Информациите објавени на веб страната и другите медиуми (печатени, социјални медиуми) на установата се точни, јасни, прецизни, објективни, ажурирани и лесно достапни. Установата редовно учествува или организира саеми на кои ги презентира своите активности и студиски програми. Информациите кои се однесуваат на активностите на високообразовните установи се корисни за потенцијалните и за тековните студенти, како и за поранешните студенти, други лица и јавноста. | Линк до објави или достава на печатени материјали преку кои се објавуваат активности на установата;<br>Извештај за спроведени активности, прес клипинг или друг релевантен приказ за присуството во медиумите;<br>Извештај за учество или организација на саем/и;<br>Други релевантни материјали или конкретни примери. |
| Институцијата преку својата официјална веб-страница www.next.edu.mk и дигиталната платформа IAMNEXT обезбедува систематизиран пристап до релевантни информации за наставниот процес, критериумите за упис, академскиот календар, известувањата и сите значајни активности.. За дополнителна информираност и промоција, активно се користат социјалните медиуми (Тик Ток, Instagram, LinkedIn), како и огласната табла на платформата, преку кои тековните и потенцијалните студенти редовно се известуваат за настани, работилници, предавања, конкурси и други активности од академски и кариерен карактер. (Прилог 8.1 А) Дел од активностите на институцијата се медиумски покриени и во национални онлајн портали, со што се обезбедува поширока јавна информираност и промоција на институцијата. Во насока на приближување на индустријата Бреинстер Некст редовно организира и учествува на јавни настани. Во последните две академски години институцијата организираше два саеми за вработување, со кои им се овозможи на студентите директна комуникација со компании и истражување на кариерни можности. Овие саеми, кои се реализираат на годишно ниво, претставуваат значаен канал за промоција на студиските програми и за унапредување на кариерниот развој на студентите. | |

| |
|---|
| Покрај тоа, институцијата реализира огласни и промотивни кампањи насочени кон идните студенти, кои се спроведуваат секоја академска година преку дигитални медиуми, билборди, радио и јавни настани. Овие кампањи овозможуваат навремена и транспарентна промоција на студиските програми и условите за упис. Во рамките на активностите за информирање и промоција, претставници на институцијата редовно остваруваат посети во средни училишта низ цела Македонија, со цел промоција на студиските програми, запознавање на средношколците со можностите за практично ориентирано високо образование и поттикнување на нивниот интерес за современи професии во областа на технологијата и дизајнот.<br>Дополнително, Бреинстер Некст организира „Отворени денови", на кои идните студенти и нивните родители имаат можност да ја посетат институцијата, да присуствуваат на интерактивни предавања, да се запознаат со наставниците, студентите и инфраструктурата, како и да добијат информации за студиските програми, процесот на упис и можностите за кариерен развој. Овие настани претставуваат важен канал за директна комуникација со јавноста и за градење доверба кон институцијата.<br>Со сите овие активности се обезбедува редовна, точна и лесно достапна информираност, која е од корист за сегашните и потенцијалните студенти, алумните и пошироката јавност, при што институцијата активно го потврдува својот принцип на транспарентност и отчетност. |
| **Прилози**<br>**Прилог 8.1 А -** Линкови од социјалните мрежи на факултетот- 1. Веб страна www.next.edu.mk, Linkedin профил - https://www.linkedin.com/school/brainsternext, Инстаграм профил - https://www.instagram.com/brainsternext?igsh=MTBseXZqZHphdW4yNQ== , Тикток профил - https://www.tiktok.com/@brainsternext |

| | |
|---|---|
| 8.2. Високообразовната установа има објавено податоци за своите активности, вклучително и информации за студиските програми кои ги реализираат, критериумите за упис, предвидените цели од учењето, квалификациите со кои студентот се стекнува како резултат на учењето, постапките кои се применуваат во наставата, учењето и оценувањето, стапките на проодност и условите за учење кои им се на располагање на студентите, информациите за потенцијално вработување на дипломираните студенти како и документите предвидени во член 21 став 3 од Законот за високо образование. | Линк до наведените елементи во индикатори;<br>Линкови до документите предвидени во член 21 став 3 од ЗВО: Статутот на единицата (со сите измени и дополнувања) и другите акти со кои се уредуваат внатрешните односи; 2. Решението за акредитација на секоја студиска програма одделно и решение за почеток со работа за секоја студиска програма одделно; 3. Актот за систематизација; 4. Деловникот за работа на наставно-научниот, односно научниот совет; 5. Правилникот за плати и надоместоци на единицата; 6. Извештај и одлука за последен<br>избор во звање за секој наставник и соработник објавен во Билтенот, 7. Распоредот на работни задачи за тековната учебна година, 8. Завршна сметка, 9. Годишен извештај, 10. Прифатени теми за изработка на магистерски трудови; 11. Прифатени теми за изработка на докторски трудови; 12. Акти кои ги носи единицата согласно други закони и 13. Етичкиот кодекс. |

| |
|---|
| СВСШ Бреинстер Некст обезбедува целосна транспарентност и отчетност во своето работење преку редовна и навремена објава на сите релевантни информации и документи кои се од значење за студентите, наставниот кадар и пошироката јавност. Институцијата активно се грижи за јавното информирање, со цел обезбедување пристап до податоци за студиските програми, условите за студирање, целите на учењето, начинот на реализација на настава и оценување, како и можностите за професионален развој и вработување на дипломираните студенти. На официјалната веб-страница на институцијата www.next.edu.mk (Прилог 8.2 А) достапни се сите информации поврзани со студиските програми што се |

реализираат, критериумите за упис, предвидените исходи од учењето, квалификациите со кои студентите се стекнуваат како резултат на образовниот процес, можностите за кариерен развој и условите за учење кои им се на располагање на студентите.

Во согласност со член 21 став 3 од Законот за високото образование, на веб-страницата на Бреинстер Некст https://next.edu.mk/akti/ (Прилог 8.2 Б) јавно се објавени следните документи:
- Статутот на установата и други акти со кои се уредуваат внатрешните односи (Прилог 8.2 В);
- Решенија за акредитација и решенија за почеток со работа за секоја студиска програма поединечно (Прилог 8.2 Г);
- Акт за систематизација на работните места и Правилник за плати и надоместоци на плати (Прилог 8.2 Д);
- Деловник за работа на Наставничкиот совет (Прилог 8.2 Ѓ);
- Извештаи и одлуки за избор во звање на предавачите, објавени во Билтен на високата школа (Прилог 8.2 Е);
- Распоред на работни задачи за тековната учебна година (Прилог 8.2 Ж);
- Завршна сметка (Прилог 8.2 З);
- Годишен извештај за спроведување на стратегискиот план на установата (Прилог 8.2 Ѕ);
- Етички кодекс на установата (Прилог 8.2 И).

Со оваа практика, Бреинстер Некст обезбедува високо ниво на јавна достапност, транспарентност и отчетност, со што им овозможува на сите засегнати страни – студенти, наставници, институции и пошироката јавност – лесно да пристапат до информации за работењето, квалитетот на студиските програми и континуираниот развој на институцијата.

**Прилози**
Прилог 8.2 А - Линк до веб сајт
Прилог 8.2 Б - Линк до веб сајт
Прилог 8.2 В - Статут на Бреинстер Некст
Прилог 8.2 Г - Решенија за акредитација и за почеток со работа за сите студиски програми
Прилог 8.2 Д - Акт за систематизација на работните места и правилник за плати и надоместоци на плати
Прилог 8.2 Ѓ - Деловник за работа на Наставничкиот совет
Прилог 8.2 Е - Објавени Билтени за избор во звање
Прилог 8.2 Ж - Распоред на работни задачи за тековната учебна година
Прилог 8.2 З - Завршна сметка
Прилог 8.2 Ѕ - Годишен извештај за спроведување на стратегискиот план на установата за периодот септември 2024 до септември 2025
Прилог 8.2 И - Етички Кодекс

| | |
|---|---|
| 8.3. Клучните исходи од учењето и од научноистражувачката работа се објавуваат на веб страната на установата. На пример, пред одбрана на докторската дисертација, истата задолжително се објавува на веб страната на високообразовната установа на која се изведува третиот циклус на студии (доколку е применливо). | Линк до релевантни објави на веб страната на установата поврзани со исходите од учењето или научноистражувачката работа;<br>Линк до објавени докторски дисертации и други релевантни исходи од учењето (доколку е променливо). |

СВСШ „Бреинстер Некст" систематски ја промовира транспарентноста и јавната достапност на своите активности, резултати и постигнувања во областа на исходите од учењето и развојот на студентите. Иако институцијата не реализира студии од втор и трет циклус, таа редовно ги објавува сите релевантни академски и проектни активности кои ја илустрираат практичната примена на знаењето, како и соработката со индустријата. Исходите од учењето

| |
|---|
| се дизајнирани за развој на технички, аналитички, креативни и меки вештини, примена на современи алатки и технологии, тимска и меѓуобластна соработка, како и професионална и етичка одговорност, при што студентите се подготвени за успешна кариера во динамични професионални и индустриски средини. Тие се континуирано демонстрирани преку студентски проекти, изложби, хакатони, работилници и публикации на медиумскиот портал media.next.edu.mk, кој претставува дигитална архива и платформа за промоција на академските достигнувања и иновативните резултати на студентите, истовремено зајакнувајќи ја академската и јавната препознатливост на институцијата. |
| **Прилози**<br>Прилог 8.3 А - Медиа портал на веб сајт |

**Стандард 9**

| СТАНДАРД 9: МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА И ИНТЕРНАЦИОНАЛИЗАЦИЈА | |
|---|---|
| **ИНДИКАТОР** | **ДОКУМЕНТАЦИЈА** |
| 9.1. Студентите активно ги користат можностите за мобилност на студентите. Мобилноста е соодветно вреднувана и признаена. | Број и листа на студенти кои користеле мобилност прикажани по студиски програми во последните пет години за сите циклуси на студии (со приказ на период на мобилност, институција – домаќин, студиска програма) вклучувајќи мобилност преку програмата Еразмус+;<br>Процент на студенти кои користеле мобилност како дел од вкупниот број на студенти (за последните пет академски години, за сите циклуси на студии);<br>Информација за практиката на соодветно вреднување и признавање на мобилноста на студентите (акт/и или конкретни примери). |
| За реализација на мобилност на студенти и наставен кадар во рамки на програмата Erasmus+, потребно е високообразовната установа да поседува Еразмус повелба за високо образование (Erasmus Charter for Higher Education) и да обезбеди финансиски средства од Националната агенција за европски образовни програми.<br><br>СВСШ Бреинстер Некст во декември 2023 година аплицираше за добивање на Еразмус повелбата (Прилог 9.1.А), која ѝ беше официјално доделена во јуни 2024 година (Прилог 9.1.Б). Во продолжение на овој процес, институцијата аплицираше за финансиски средства за мобилност, кои беа одобрени во август 2025 година (Прилог 9.1.В). Договорот за доделените средства е се потпиша на почетокот на ноември 2025 година (Прилог 9.1 Г), по што ќе започне спроведувањето на првите мобилности на студенти и наставен кадар во летниот семестар од академската 2025/2026 година или зимскиот семестар од академската 2026/2027 година. Овој процес претставува значаен исчекор во насока на интернационализација на институцијата, отворајќи можности за: стекнување меѓународни академски и професионални искуства на студентите и наставниот кадар, градење и зацврстување на партнерства со европски високообразовни институции, унапредување на квалитетот на студиските програми, и зголемување на конкурентноста на студентите на европскиот и глобалниот пазар на труд. Со добивањето на Еразмус повелбата и обезбедувањето финансиска поддршка, Бреинстер Некст ја зајакнува својата посветеност на меѓународната димензија на високото образование и создава услови за долгорочна одржливост и развој на програмите за мобилност. | |

**Прилози**
Прилог 9.1 А - Апликација за Еразмус+ чартер
Прилог 9.1 Б - Certificate award
Прилог 9.1 В - Решение за доделување на Еразмус+ чартер
Прилог 9.1 Г - Договор за доделување на средства Еразмус+ чартер

| | |
|---|---|
| 9.2. Установата има развиено политика за меѓународна соработка и интернационализација. Таа има утврдено индикатори за исполнување на приоритетите на меѓународната соработка и интернационализација. Овие индикатори редовно се следат.<br>Определено е посебно тело надлежно за меѓународната соработка и интернационализација во рамките на установата. | Акт/политика за меѓународна соработка и интернационализација;<br>Индикатори за исполнување на приоритетите на меѓународната соработка и интернационализација;<br>Извештај од следење на индикаторите за исполнување на приоритетите на меѓународната соработка;<br>Акт за формирање на посебно тело надлежно за меѓународна соработка и интернационализација;<br>Записници од одржани седници или друг документ кој покажува дека телото е функционално (годишен план, извештај од спроведени активности итн). |

Во моменталната организациска структура на СВСШ „Бреинстер Некст“ Скопје, активностите поврзани со меѓународната соработка и интернационализацијата се координираат, во голем дел, преку тимот за интернационални односи на компанијата „Бреинстер“, со кој институцијата тесно соработува. Во Ноември 2025 година е вработено лице на позицијата - Координатор за меѓународни односи, со што активностите за меѓународна соработка се зајакнуваат и продолжуваат да се спроведуваат континуирано, во согласност со потребите за интернационализација на студиските програми и унапредување на мобилноста. Во тек е процесот на консолидирање на организациската структура, кој е предвидено да се финализира до крајот на 2025 година и ги опфаќа следните активности: мигрирање на тимот за партнерства и координаторот за меѓународна соработка од основачот „Бреинстер“ во рамките на институцијата  и зголемување на бројот на академски координатори на еден по секоја студиска програма, со цел поефикасна академска и административна поддршка во меѓународните активности. Во согласност со Програмата за стратешки развој за 2025-2028 (Прилог 9.2 А), стратешката цел 3: Интензивирање на интернационализацијата и градење на меѓународна препознатливост, институцијата има воспоставено јасни цели и индикатори за мерење на резултатите, како што следува:

1. Зголемување на мобилноста преку Еразмус+ програмата (реализација на најмалку пет појдовни мобилности (на студенти и кадар) на годишно ниво)

2. Воспоставување на меѓународни партнерства (до декември 2027 година е планирано склучување на најмалку десет нови договори за соработка со странски високообразовни институции)

3. Учество и добивање на проекти од Еразмус+ програмата и други донаторски иницијативи (Институцијата има цел да аплицира проекти во вредност од најмалку 1 милион евра годишно, од кои најмалку 100 илјади евра да бидат одобрени за реализација.

Паралелно со тоа, Бреинстер Некст има склучено Интер-институционални договори (IIA) (Прилог 9.2 Б) и е дел од GAIM проектот во соработка со Високото училиште „Алгебра“ – Загреб, со што се поставени темелите за понатамошен развој на интернационализацијата. Во наредниот период, институцијата стратегиски ќе се насочи кон: зголемување на учеството на кадарот и студентите на меѓународни конференции, натпревари и проекти, развивање на долгорочни партнерства со високообразовни институции и организации од Европа и пошироко,привлекување на странски студенти преку развој на програми на англиски јазик и промоција на институцијата во меѓународен контекст. Со реализацијата на овие активности,

Бреинстер Некст го зајакнува својот капацитет за интернационално делување и создава системски предуслови за интеграција во европското образовно пространство, во согласност со својата мисија – револуционизирање на високото образование преку практичен и дуален модел кој ја поврзува академијата и индустријата.

**Прилози**
Прилог 9.2 А - Програма за стратешки развој 2025-2028
Прилог 9.2 Б - Договори за соработка

| | |
|---|---|
| 9.3. Установата има на располагање соодветни финансиски ресурси за реализација на меѓународна соработка. За потребите на меѓународната соработка установата одвојува финансиски ресурси од сопствените приходи, но и користи средства од националниот буџет, странски донатори и програми, локалната самоуправа итн. | Преглед на планирани и искористени финансиски средства за меѓународна соработка на установата во последните пет години со приказ на изворот на финансирање (буџет, сопствени приходи итн.). |

Во изминатиот период, СВСШ „Бреинстер Некст“ Скопје нема посебни финансиски трошоци директно поврзани со активностите за меѓународна соработка. Сепак, институцијата има јасно дефинирана стратешка определба за развој, проширување и институционализација на меѓународната соработка, во согласност со Стратешката цел 3 од Програмата за развој (2025–2028). (Прилог 9.3 А) Досегашните активности за интернационализација се реализирани со внатрешни ресурси и логистичка поддршка од административниот и академскиот кадар, како дел од редовното функционирање на установата и со поддршка од компанијата-основач „Бреинстер“. Тековниот фокус на инвестирањето на , „Бреинстер Некст“ е да обезбеди поддршка на сите студенти преку иновативниот финансиски модел „Студирај сега, плаќај по вработување“, кој овозможува пристап до образование без финансиски бариери и создава одржлив механизам за финансирање базиран на успехот и вработливоста на студентите а истовремено да влијае на намалување на одливот на младата популација во странство. Со ова, институцијата демонстрира посветеност на социјалната одговорност и еднаков пристап до високото образование, што претставува клучен сегмент на нејзината мисија.

Со добиената Европска повелба за високо образование (Erasmus Charter for Higher Education) и отпочнувањето на процесот на Еразмус+ мобилност, институцијата ќе добие пристап до надворешни извори на финансирање, вклучително и европски програми и грантови за мобилност, национални фондови, донаторски програми и поддршка од локалната самоуправа. Во согласност со ова, во тек е подготовка на Посебна финансиска рамка за меѓународна соработка, со јасно дефинирани приоритети, извори на средства и механизми за следење. Со воспоставувањето на оваа рамка, „Бреинстер Некст“ ќе обезбеди долгорочна финансиска одржливост, транспарентност и предвидливост при реализацијата на активностите за меѓународна соработка, во согласност со националните и европските стандарди за квалитет и отчетност.

**Прилози**
Прилог 9.3 А - Програма и стратегија за развој 2025-2028

| | |
|---|---|
| 9.4. Установата соработува со други институции во земјата и странство во функција на реализација на студиските програми. Реализира заеднички проекти со странски универзитети (конференции, мобилност и други соработки), а резултатите од тие проекти се релевантни за студиските програми. Установата реализира заеднички програми со странски универзитети. | Листа на договори за меѓународна соработка вклучувајќи и за програмата Еразмус+; Приказ на конкретни соработки (конференции, мобилност и други соработки) со други институции во земјата и странство (приказ за последните пет години со опис на соработката и релевантноста за студиските програми); Број и листа на наставен кадар кој учествувал во формите на меѓународна соработка (прикажан по години за последните пет години); Информација за реализација на заеднички програми со странски универзитети. |

Во насока на унапредување на наставниот процес, интернационализација и размена на знаења, СВСШ „Бреинстер Некст" Скопје активно гради партнерства со високообразовни институции и организации од земјата и странство.
Институцијата има склучено седум (7) интер-институционални договори за соработка (IIA) со странски универзитети и факултети, со цел воспоставување на рамка за студентска и наставничка мобилност, размена на искуства и развој на заеднички активности во рамките на Еразмус+ програмата. Овие договори се основа за имплементација на мобилности и заеднички проекти во претстојниот период, при што соработките опфаќаат различни академски области релевантни за студиските програми на институцијата. (прилог 9.4 А).

Во април 2025 година (07–11.04.2025), претставници на Бреинстер Некст учествуваа на International Week 2025, организирана од Algebra Bernays University – Zagreb, каде што д-р Ивица Пешовски одржа стручно предавање на тема „AI in Education: Opportunities, Challenges and a New Teaching Framework". Настанот овозможи размена на добри практики меѓу академскиот кадар од повеќе европски универзитети и воспоставување на нови партнерства за идни мобилности и проекти. (Прилог 9.4 Б)
Во рамките на истиот настан, Бреинстер Некст учествуваше и на Student Fair, каде институцијата беше претставена пред странски студенти и претставници од други универзитети, со цел промоција на можностите за студентска размена, вмрежување и развивање идни заеднички активности со партнерските факултети.

Во 2025 година, Бреинстер Некст учествува како партнер во меѓународниот проект Gaming AI Mastery (GAIM), кој се реализира во соработка со Високото училиште Алгебра од Загреб, Хрватска, поддржан од програмата EIT Culture & Creativity (Continuous Professional Development, Non-EIT Labeled Courses 2025).
Проектот, со вкупен буџет од 85.594,00 евра, се спроведува во периодот јули – декември 2025 година, и претставува онлајн самоиницијативен курс во траење од четири недели, кој комбинира теоретски и практични предавања со реални индустриски студии на случај. Целта на проектот е да се унапреди знаењето и практичните вештини на учесниците во интегрирањето на вештачка интелигенција (AI), виртуелна (VR) и проширена реалност (AR) во развојот на видеоигри. Курсот е осмислен според современи педагошки пристапи базирани на „2 sigma problem" методологијата и вклучува учество на индустриски експерти. Се очекува преку проектот да бидат обучени најмалку 290 учесници во текот на 2025 година, што ќе придонесе за зголемување на капацитетите и конкурентноста на европската гејминг-индустрија и ќе создаде мрежа на професионалци подготвени да имплементираат иновативни пристапи во развојот на дигитални производи.

Покрај меѓународните партнерства, институцијата остварува соработка и со домашни компании и организации преку меморандуми за соработка и проекти за практична настава, со што се обезбедува директна поврзаност на студентите со реалната индустриска пракса и унапредување на нивните компетенции. Овие активности ја потврдуваат заложбата на „Бреинстер Некст" за континуирана интернационализација, развој на иновативни форми на

учење и размена на знаења меѓу академијата и индустријата, како и за подобрување на релевантноста на студиските програми во европски и глобален контекст.

**Прилози**
Прилог 9.4 А - Договори за соработка
Прилог 9.4 Б - Линк

| | |
|---|---|
| 9.5. Установата има востановено систем за привлекување на наставници и студенти од странство. Странски професори редовно се вклучуваат во наставата, ангажирани се како ментори или членови на комисии за оценка на магистерски и докторски трудови итн. Бројот на странски студенти се зголемува. | Листа на наставници од странство кои изведуваат настава или се вклучени во наставата (со информација за обемот на учеството во наставата, периодот и матичната високообразовна установа);<br>Листа на наставници од странство вклучени како ментори или членови на комисии за оцена/одбрана на магистерски и докторски трудови;<br>Број на запишани странски студенти по студиски програма за сите циклуси на студии во изминатите пет години. |

Во изминатиот период, во рамките на СВСШ „Бреинстер Некст“ Скопје сè уште не се реализирани активности кои вклучуваат ангажман на странски наставници во наставниот процес, ниту се евидентирани запишани студенти од странство. Имајќи ја предвид стратешката определба на институцијата за интернационализација на наставата и истражувањето, „Бреинстер Некст“ презеде конкретни активности за создавање предуслови за вклучување на странски професори и студенти. Во академската 2024/2025 година, институцијата го финализираше процесот на добивање на Европската повелба за високо образование (Erasmus Charter for Higher Education), со што се овозможува активно учество во програмата Еразмус+ и пристап до финансиски средства преку Националната агенција за европски образовни програми и мобилност. Во рамките на академската 2025/2026 година, се предвидува реализација на првите мобилности на студенти и наставен кадар, како и воспоставување на структурирана рамка за размена и соработка со странски високообразовни институции. Паралелно со тоа, институцијата ќе се насочи кон промоција на студиските програми на меѓународно ниво, развој на предмети на англиски јазик, како и зголемување на академската видливост преку учество во меѓународни проекти, конференции и партнерства. Во следната фаза од развојот, „Бреинстер Некст“ ќе воспостави систем за привлекување на странски предавачи кои ќе бидат вклучени како визитинг професори, ментори или членови на комисии за оценување на дипломски трудови, со цел збогатување на наставниот процес и зајакнување на академската соработка. Со овие активности, институцијата ќе обезбеди интеркултурно и академски инклузивно опкружување, кое ќе придонесе за зголемување на меѓународната препознатливост и конкурентност на „Бреинстер Некст“ во европскиот образовен простор. Секако во рамки на наставата се вклучени експерти од индустријата, кои имаат релевантно искуство во меѓународни компании, и го пренесуваат тоа ускуство и знаење на студентите на институцијата.

**Прилози**
/